СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-6481/55
15.11.2021 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 2 -та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана заден15.11.2021 година

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 2-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес 15.11.2021 година.

На седницата присуствуваат 19 советници .

Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од Првата конститутивна Седница на Советот наа Општина Кавадарци одржана на ден 02.11.2021 година.

Дали има забелешки по Записникот од Првата конститутивна Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од Првата конститутивна Седница на Советот на Општина Кавадарци да крене" ЗА".

Констатирам дека е усвоен Записникот одПрвата конститутивна Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес а тоа е :

1. Предлог-Одлука за изменување на дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година;
2. Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година-Трет квартал;
3. Предлог-Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;
4. Предлог -План за програми за развој на Општина Кавадарци за 2022 година ;
5. Предлог –Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година;
6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата ;
7. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2021/2022 (Зимска служба) ;

8. Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Мрежичко, КО Мрежичко, Општина Кавадарци, плански период 2019-2029 година;
9. Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од блок 12.1, „ЛА – ЛУНА, КО Кавадарци, град КО Кавадарци вон град Општина Кавадарци, плански период 2020-2025;
10. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот пофат;
11. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на ново урбанистичко планска документација за усогласување на намена на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето;
12. Елаборат со арх.бр.09-5338/1069 од 05.11.2021 година, за процена на штата од суша во општина Кавадарци во месеците јуни, јули и август - 2021 година;
13. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата во областа на културата за 2021 година;
14. Предлог- Програма за Нова Година- Среќна Нова 2022 година ;
15. Предлог-Програма за вршење на дејност оџачарски услуги во Општина Кавадарци;
16. Предлог-Одлука за отстапување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци на управување и одржување на тоалетни кабини (санитарни јазли), на територијата на Општина Кавадарци;
17. Предлог-Одлука за примање на донација движна ствар – 3 (три) клима уреди од ;
18. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на движна ствар -3 (три) клима уреди на Центар за управување со кризи Кавадарци;
19. Предлог-Одлука за примање на донација техничка документација од ;
20. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Здружение „Мобилност) ;
21. Извештај со арх.бр.02-2271/3 од 29.10.2021 година за работењето на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

    точка 22 СЕ ИЗЗЕМА ОД Дневниот ред, потоа редоследно се менува бројот на точките.
22. Извештај со арх.бр.02-1763/3 од 01.11.2021 година, за работењето на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за период од 01.01-30.09.2021 година, донесен од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

23. Извештај со арх.бр. 02-1763/4 од 01.11.2021 година, за работењето на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за период од 01.01-30.09.2021 година, донесен од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
24. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука со арх.02-258/2 од 01.10.2021 година за донесување на Правилник за внатрешна организација на ЈОУДГ,,Рада Поцева,, Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈОУДГ,,Рада Поцева ,, Кавадарци;
25. Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;
26. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;
27. Извештај со арх.бр.0307/2 од 05.11.2021 година од работата на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Кавадарци;
28. Програма за работа на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Кавадарци за 2022 година;
29. Предлог-Решение за определување на заменик Градоначалник на Општина Кавадарци;
30. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за финансии и Буџет;
31. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за урбанизам;
32. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за локален економски развој;
33. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за комунална изградба;
34. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за екологија;
35. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за јавни и комунални дејности;
36. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за Статут и прописи;
37. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за здравство;
38. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за образование;
39. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за социјална и детска заштита;

40. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за култура;
41. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за спорт;
42. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања на награди и признанија;
43. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за земјоделие;
44. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за лозарство и винарство;
45. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за месна самоуправа;
46. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка;
47. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за имотно правни работи;
48. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за јавна безбедност и безбедност во сообраќајот;
49. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за еднакви можности;
50. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за рурални средини;
51. Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за надзор над материјално финансиското работење на Општината;
52. Предлог-Решение за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци;
53. Предлог-Решение за овластување на членовите на Советот на Општина Кавадарци при склучување на бракови;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.57/21 поведен пред Основен суд Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложените точки на дневен ред .

Кој е за ? Процедурално .

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги, Претседавач, Градоначалник, граѓани вака на кординација се договориме дека

првично треба да се изгласат комисиите и мислам согласно Деловникот за работа е така да секоја точка на Дневен ред првен да се разгледа на соодветната надлежна комисија, да се усвое на соодветната надлежна комисија, па после врз база на мислењето и врз база на заклучоците што се од комисијата да оде на седница на совет. Јас предлагам да се направе промена на дневниот ред, гласањето на комисијата да дојде напред, да се одржат комисиите, па после да се оде на седница. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи во таков правец, бидејќи некна бевме така договорени со правната служба. Значи прво ќе бидат комисиите, меѓутоа дневниот ред кога беше доставен до сите советници беше со овој терк . Да. Да се усвое прво дневниот ред, а потоа, значи прво доаѓаат комисиите, а потоа во таа насока ќе биде.

Значи почитувани согласно Деловникот молам за произнесување за предложените точки за дневен ред.

Кој е за. Добро. Има ли против? Добро.

Значи констатирам дека е усвоен предлогот за предложениот Дневен ред да се дополни со точка 54 со апсолутно мнозинство на советот.

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.57/21 поведен пред Основен суд Кавадарци.

Согласно член 59 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Совет на Општина Кавадарци, предлагам измена на редоследот на точките на Дневниот ред, со тоа што точките од 30 до 53 да бидат редоследно први на дневниот ред, заради овозможување на работа на комисиите односно комисиска расправа по точките од дневниот ред за денешната седница.

Кој е за? Тоа е предлогот. Едногласно. Против нема. Воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот да се смени редоследот на точките во Дневниот ред.

Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред.

Нема.

Преминуваме на разгледување на точка 1 од предложениот Дневен ред.

Дали се сложуваме со предложениот Дневен ред со измените.Едногласно.

Почитувани одиме со првата точка.

1.Предлог-Решение за определување на заменик Градоначалник на Општина Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Имавме Мандатна Комисија, таа мандатна комисија едногласно заедно со сите советнички беше подржан предлогот на Градоначалникот за Заменик Градоначалник на Општина Кавадарци да биде нашиот советник д-р Тони Нешковски .
Кој е за? Точката ја ставам на гласање.
13 за. Дали има против. 5 против. Воздржани? 1 воздржан.
Констатирам дека точката е усвоена и советникот д-р Тони Нешковски е именуван за заменик на Градоначалникот на Општина Кавадарци .
2.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за финансии и Буџет;
Го молам Претседателот на Мандатна Комисија да заземе збор и да ги даде предлозите за комисиите .
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Мандатната Комисија за избори и именувања му предлага на Советот во Комисијата за финансии и буџет за Претседател да биде Весна Ѓорѓиева, а членови Горан Кузмановски, Ратка Росоманска, Перо Николов, Веса Богева, Вуко Мелов и Јован Златевски.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлогот го ставам на гласање. Кој е за? Едногласно прифатен.
3.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за урбанизам;
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Комисијата за мандатни избори и именувања за оваа комисија ги предлага Претседател Валентина Бањанска , а членови Веса Богева, Круме Богевски, Весна Ѓорѓиева, Горан Кузмановски, Ратка Росоманска и Тони Нешковски.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за. Едногласно .
4.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за локален економски развој;
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За оваа комисија за претседателсе предлага Вуко Мелов, членови Даниела Ивановска, Филип Тасев, Горан Кузмановски и Диме Коцевски.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Кој е за. Го ставам предлогот на гласање. Едногласно.
5.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за комунална изградба;
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За оваа комисија се предложени Претседател Стојанчо Рамов, членови Тони Нешковски , Перо Николов, Даниела Ивановска и Валентина Бањанска .
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ :Кој е за. Едногласно. 17 за.
6.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за екологија;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ:За оваа комисија се предлага претседател Павле Маневски, а членови Вуко Мелов, Ратка Росоманска, Ружица Ристов и Марина Крстева .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлогот го ставам на гласање. Едногласно.

7.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за јавни и комунални дејности;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За оваа комисија за претседател се предлага Тони Нешковски и членови Стојанчо Рамов, Весна Ѓорѓиева, Валентина Бањанска и Јован Златевски .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлогот го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

8.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за Статут и прописи;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ:За оваа комисија за претседател се предлага Филип Тасев, а членови Диме Коцевски, Горан Кузмановски, Валентина Бањанска и Даниела Ивановска .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлогот го ставам на гласање. Едногласно усвоен.

9.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за здравство;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За оваа Комисија за Претседател се предлага Павле Маневски и за членови Круме Богевски, Тони Нешковски, Стојанчо Рамов и Перо Николов.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Кој е за. Предлогот го ставам на гласање. Едногласно .

10.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за образование;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ:За оваа Комисија за Претседател се предлага Ратка Росомански, а членови Ружица Ристов, Диме Коцевски, Павле Маневески и Даниела Ивановска .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Кој е за .Добро. Едногласно.

11.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за социјална и детска заштита;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ:За оваа Комисија за Претседател се предлага Ружица Ристов, а членови Ратка Росомански, Весна Ѓорѓиева, Даниела Ивановска и Веса Богева.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за. Едногласно.

12.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за култура;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ:За оваа Комисија за Претседател се предлага Диме Коцевски, а членови Тони Нешковски, Горан Кузмановски, Павле Маневски и Јован Златевски.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлогот го ставам на гласање. Едногласно усвоен.
13.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за спорт;
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За оваа Комисија за Претседател се предлага Тони Нешковски, а членови Филип Тасев, Перо Николов, Вуко Мелов и Павле Маневски.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ : Едногласно. 17.
14.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања на награди и признанија;
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За оваа Комисија за Претседател се предлага Јован Златевски, а членови Даниела Ивановска, Диме Коцевски, Филип Тасев и Весна Ѓорѓиева.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ : Предлогот го ставам на гласање. Едногласно.
15.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за земјоделие;
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: На Комисијата за земјоделие за Претседател се предлага Веса Богева, а членови Вуко Мелов, Перо Николов, Диме Коцевски и Марина Крстевска.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Добро. Едногласно.
16.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за лозарство и винарство;
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За оваа Комисија за Претседател се предлага Јован Златевски, а за членови Веса Богева, Перо Николов, Филип Тасев и Горан Кузмановски.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Кој е за. Едногласно.
17.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за месна самоуправа;
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За Комисијата за месна самоуправа за Претседател се предлага Марина Крстева, а членови Ружица Ристов, Филип Тасев, Јован Златевски и Павле Маневски.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за. Добро.(Едногласно)
18.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За оваа Комисија за Претседател се предлага Даниела Ивановска, а за членови Круме Богевски, Ружица Ристов, Перо Николов и Ратка Росомански.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Добро. Кој е за. Едногласно.
19.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за имотно правни работи;
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ:За оваа Комисија за Претседател се предлага Валентина Бањанска, а за членови Даниела Ивановска, Весна Ѓорѓиева, Филип Тасев и Горан Кузмановски.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Добро. Кој е за?Едногласно.
20.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за јавна безбедност и безбедност во сообраќајот;
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ:За оваа Комисија за Претседател се предлага Вуко Мелов, а за членови Јован Златевски, Горан Кузмановски, Тони Нешковки и Весна Ѓорѓиева .
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Добро. Кој е за. Едногласно.
21.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за еднакви можности;
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ:За оваа Комисија за Претседател се предлага Весна Ѓорѓиева, а за членови Ружица Ристов, Ратка Росомански, Веса Богева и Валентина Бањанска.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлогот го ставам на гласање. Едногласно.
22.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за рурални средини;
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Во оваа Комисија за рурални средини за Претседател се предлага Јован Златевски, а членови Даниела Ивановка, Диме Коцевски, Ружица Ристов и Марина Крстева.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за . Едногласно.
23.Предлог-Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за надзор над материјално финансиското работење на Општината;
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За оваа Комисија се предлага за Претседател Горан Кузмановски, а членови Весна Ѓорѓиева, Филип Тасев, Веса Богева и Круме Богевски.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Предлогот го ставам на гласање. Едногласно.
24.Предлог-Решение за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци;
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ:За членови на оваа Комисија се предлагаат сите советници.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Предлогот го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Добро.

25.Предлог-Решение за овластување на членовите на Советот на Општина Кавадарци при склучување на бракови;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: И за оваа Комисија влегуваат сите членови на Советот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Сите членови на Советот учествуваат во нивната работа.

Почитувани советници даваме пауза за комисиска расправа на точките што следуваат на Дневниот Ред. (пауза)

Почитувани советници ја продолжуваме втората седница со следната точка.

26.Предлог одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година заедно со Амандаманот на Предлог Буџетот за ребаланосот на Општина Кавадарци за 2021 година

Ја отварам точката на Дневен ред. Дали некој се јавува за збор.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани колеги советници. Значи како прва точка на овој Дневен ред е разгледување на Предлог ребаланс на Буџет на Општина Кавадарци за 2021 година. Поразговаравме со претставниците од општинската администарација во врска со оваа точка и имам некои работи што сметам дека треба тука да ги кажам и да поразговараме и со вас, значи вие како советници не бевте сите вклучени во таа Комисија. Значи јасно ни е на сите дека ребаланси се прават во сите буџетски институции посебно во општините, поради тоа што не можат комплетно, целосно да се испланираат сите приходи и сите трошоци и во износ и во структура. Овој предлог што ни е доставен денес за разгледување и за гласање се состои во тоа што имаме неостварување на буџетот на Општина Кавадарци, поради тоа предлагаме намалување на двете ставки, значи и на приходниот и на расходниот дел , во проценти тоа изнесува 18% или за 103 012 000 денари, значи буџетот не е остварен за 18% од планираниот. Значи тука се поставуваат и две прашања дали лошо е испланиран или пак не е остварен, имаме некои проблеми во остварување на буџетот или во планирањето. Тоа е многу битно како информација да ги имаме и да размислуваме и ние како советници и општинската администарација, значи посебно во овој дел од годината кога треба да се спрема буџетот за наредната година. Значи кога ќе имаме добра анализа, ќе направиме на овој буџет и зошто имаме такви промени сега , значи треба да ги имаме во предвид кога ќе го спремаме и кога веќе веројатно и се спрема буџетот за наредната година. Сакам да потенцирам дека во приходниот дел имаме намалување за 18 %, но тоа не

значи дека има намалување во сите ставки, значи во некои ставки што е за поздравување е зголемување, значи даночните приходи се зголемуваат, ама неданочните приходи, капиталните приходи, трансферите и донациите тие делови се намалуваат. Во расходниот дел имаме намалување на сите ставки, кај кои повеќе , кај кои помалку, значи плати и резерви, стоки.Зголемување имаме само во социјалните бенефиции, значи тука имаме зголемување за 19%, исто и тука, значи во година кога имаме локални избори имаме зголемување на социјалните бенефиции и кога имаме проблем со остварување на приходниот дел сите расходни делови се намалуваат, само социјалните бенефиции има зголемување. Во делот на посебниот дел, значи во програмите главно има секаде намалување, има мало зголемување во Програмата на Совет на Општина, во Програма на Градоначалник секаде во другите програми има намалување, поголеми намалувања има во изградба на комерцијални објекти, во одржување на урбана опрема има за 50% намалување, одржување и заштита на локални патишта исто 23 значи, во тие делови има малку поголемо зголемување од просечното зголемување на извршување на овие програми, изградба на локални патишта исто е намалувањето нешто поголемо од просечното, во изградба и реконструкција на локални патишта и улици во Општина Кавадарци, поголемо намалување имаме во системот за водоснабдување, значи биле планирани 6 500000 се намалени, се намалени за 1 500 000, дел се ребалансира на 1 500 000 значи тука исто имаме намалување, значи тоа е во делот на програмите во основното и средното образование има некоја пренамена, веројатно претпоставувам тука пак дали од средно во основно образование, но тука нема некои значајни промени. Што се однесува во Буџетот за самофинансирање, значи и тука имаме намалување , значи биле планирани 50 000 000 се оствариле 47 000 000, намалувањето е за 3 600 000 што може и нормално е, значи институциите што се во рамките под надлежност на Општината, основните училишта итн. Тие приходи што ги имат и детската градинка значи не остваруваат приход од издавање на спортските сали поради пандемијата итн, но реално има намалување, донациите има мало намалување исто, ребалансот се прави на буџетот на донации, додека во ребаланс на буџет на дотации тука немаме никакви промени, значи тоа што било планирано во Буџетот, во Планот, во Основниот буџет толку и се планира да биде остварен и за тоа да биде потрошен до крајот на годината.Тоа е така малку кратка анализа на овој ребаланс од моја страна и бидејќи Градоначалникот не беше тука, да ве поздравам и мое видување 18% значи тоа не го слушнавте вие, сметам дека е малку поголема ставка што кажав и во почетокот дека сите институции што се

буџетски прават ребаланс, но сепак значи кога нема да биде остварен 18 % или бил многу амбициозен планот, сме планирале многу средства, не сме ги оствариле, некогаш не е добро да планираме и помалку, па да не бидеме амбициозни во текот на годината и да вложуваме да се остварат тие средства, но во секој случај значи овој ребаланс треба да ни биде основа за правење на Буџетот за наредната година. Бидејќи сега почнуваме со работа значи како советници многу работи може и не ни се јасни, и натаки со текот на работата и во овој буџет и во сите други извештаи значи треба малку подетално да навлезиме, да добиеме информации за да бидиме поинформирани, да правиме подобри анализи и врз основа на тие анализи и да предлагаме решенија, одлуки и да гласаме и некои од тие одлуки треба и да ги критикуваме и да кажеме зошто сме против или зошто сме за. Значи се во интерес на граѓаните, се во интерес на Општината да имаме финансиски резултати и работење што треба да го има оваа општина , бидејќи како што гледаме општината има голем буџет и одговорноста е на сите нас како ние ќе го обезбедиме тој буџет и како ќе ги трошиме тие средства.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор Градоначалникот бара збор.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани медиуми, почитувана јавност во делот со ребалансот на буџетот, јас би сакал малку и да навлезам подлабоко во тој дел, нормално и вие како советници да бидете запознаети во делот на што значеше четиригодишното работење на Општина Кавадарци и до која фаза сме денеска стигнати, а кои ни се амбициите наредните 4 години да ги постигниме како буџет. Буџетот од 1 160 000 000 е основен буџет , односно е вкупен буџет со блок дотации, сите трошкови кои што ги има Општината во делот на она што значат и образование , предучилишна заштита , спорт, рекреација, блок дотации итн. Основниот буџет на Општина Кавадарци со претходниот мој мандат кога дојдовме беше остварлив некаде околу 190 000 000 денари. Успеавме во првата и втората година да направиме остварување на основен буџет речиси некаде околу 300 000 000 денари. Тоа беше еден голем раст за Општина Кавадарци со 50 % зголемување на приходите и нормално и расходите кои што беа планирани, така да кога ќе правиме анализа би сакал да го имате и тоа во обзир дека Општина Кавадарци во моментот има буџет од 280 / 300 000 000 денари кој што го оствaруваме, меѓутоа претходно беше само 180-190000 000 денари. Тоа е благодарение на она што го сработивме во изминативе четири години и она што треба да го сработиме во овие четири години како предуслови кои што ни се створени, нови детални планови, нови урбанизации, помина

Генералниот План, овозможување на поголема изграденост во општината, данокот на промет, во дадени моменти имавме прилично добри приходи и со продажбата на големи компании кои што се стрикно наши приходи на Општината, меѓутоа и во данокот на имот кој што можам лично да се заблагодарам и на компаниите и на граѓанството имаме наплата од над 90% наплата на данок на имот , кој што претходно не беше случај, а исто и самиот 32.40.. како данок на имот со ажурирањето на нашите податоци во 2018 година со преземањето на податоците од Катастар ги исправивме многу грешки кои претходно беа занемарени односно 4000 решенија или 3500-4000 решенија вкупно за данок на имот претходно воопшто не биле издавани , пошто воопшто не биле евидентирани во самиот систем на Општина Кавадарци.Со новиот софтвер и со презимањето на податоците од катастар тоа сето се исправи на некој соодветен и нормален начин. Исто така сакам да кажам дека 2018 година кога дојдовме имавме 6200 предмети за легализација заостанати, успеавме заедно со службите на Општина Кавадарци и со претходниот совет да во рекорден временски период од 3,5 месеци ги завршиме 4800 предмети да ги легализираме. Легализација на тие предмети имаше дополнителен приход за Општината, меѓутоа и самите решенија за данок на имот и вкупниот промет се зголеми. Во делот на ребалансирањето и она што значи димензионирање на буџет овој ребаланс денеска што го правиме фактички е пеглање на она што успеавме да го сработиме и не сработиме во изминатава година , мораме да кажеме дека поготово спортските објекти поготово јавната институција Спортска сала Јасмин овозможивме со претходниот совет заедно со Министерството за здравство и нашата Општа болница со проширена дејност да 4 или 5 месеци имаме Ковид Регионален Центар каде што воопшто немаше никакви приходи во делот на Спортскиот Центар, напротив имавме трошкови кои што ги покривавме и за тоа дојде до таа ситуација Спортската сала Јасмин да има помалку приходи и нормално да можеме со наши блок дотации да ги зголемиме и да сите претпријатија бидат во една понормална позиција. Во делот на она што го спомнав социјалата, предвидувањата за социјалата ги ставивме на повисоко ниво пошто многу наши луѓе и сограѓани во делот на пандемијата, а и во делот на други работи се соочија со големи проблеми и тешкотии , изборна година беше да, предизборно ние немаме никакви исплаќања во делот на социјалата, ниту пак зголемени социјални исплаќања. Ова го предвидуваме за до крајот на годината да можеме да го исплатиме, а нормално Општина Кавадарци со уште пред 8 години има донесено, може и повеќе години Одлука на Совет и ние таа ја практикуваме и почитуваме, верувам дека и вие ќе ја подржите во

иднина, за секое новороденче Општина Кавадарци исплаќа по 6000 денари еднократна помош за новороденчињата, тука ни се прилично тие социјални зголемувања од 2-2 500 000 денари одат за новороденчињата коишто тековно ги испаќаме како Општина. Во делот на комуналната изградба и реконструкциите заедно со јавното претпријатие, заедно со она што го имаме како тендерирано, ние во моментот имаме од Програмата незавршениработи кои што активно се работат, во она предизборен период и изборниот период некои од активностите беа намалени поради тоа да не биде тенденцозно како градење, сега сите компании кои што ги имаат договорите и претходно се активни на терен, временските прилики доаѓаат во прилог и мислам дека до крајот на годината ние сигурно ќе имаме уште 10–тина капитални објекти завршени. Ребалансирањето доаѓа и од повеќе други работи, ќе спомнам два капитални објекти, едниот капитален објект е детската градинка која што ја имаме на улица Ресавска. Таа детска градинка е со заем од Светска Банка преку Министерството за труд и социјалана политика и самата нејзина изградба, меѓутоа некаде околу 2 500 000 денари моравме да ги ребалансиравме, наши средства за можеме да непредвидените работи кои што останаа во делот на градбата, потпорен ѕид и поголеми работи да бидат исплатени од нашиот буџет, а во делот на образованието кои што ги спомнавте ребалансирањето е претежно за изградбата на спортската сала во Ваташа, спортска сала во Димката Ангелов Габерот во Ваташа, таму се дополнителни средства од 2 500 000 денари и сами знаете дека економијата поготово финансиската конструкција и берзата е воопшто непредвидлива. Само еден пример од февруари месец па до денеска имаме повеќе од 100% на подигнување на репро материјалите кои што едноставно ги тендерираме, а компаниите треба да ги изведат работите, а тоа е реагенси, железо, нафти, сите работи, мислам дека е неблагодарна берзата во моментот и неповолна за нашите компании, меѓутоа и за градењето кое што го поседуваме. Во моментот ние предвидуваме со буџети, трошкови за самите училишта, буџетот кој што ќе го донесиме здрави, живи до крајот на годината ќе предвидиме нормално реагенси за греење, каде, кое школо се грее на електрична енергија, кое се грее на пелети, кое се грее на дизел гориво, нафта, екстра лесно, меѓутоа ако продолжат цените на самото гориво и на реагенси да растат мислам дека почести вакви ребаланси ќе имаме и дополнителни импакти во делот на дообезбедување на средства , пошто непредвидлива е цела ситуација, доколку почнат тие цени да паѓат и се стабилизира пазарот , сепак тие средства што ќе останат пак мора да ги ребалансираме и да ги ставиме во Капитални инвестиции. Општина Кавадарци со цела ситуација мислам дека рационално и домаќински го

троши буџетот, поготово во делот на репрезентации и непродуктивни трошкови, нематеријални трошкови. Нормално функционирањето на Општината од денеска има плус два сектори . Имаме Call Центар кој што функционира 24 часа со 5 вработени, имаме сектор Мој Општинар кој што сепак троши ресурси во делот на Општината и е континуирано на терен. Имаме зголемување во делот на Инспекторатот за екологија во насоки на Министерството и има зголемување во делот на Инспекторатот за сообраќај, комунална, сообраќајна локална инспекција која што ја имаме во Општина Кавадарци. Наредниот буџет кој што треба да го спремаме, ќе го спремаме заеднички, ќе го спремаме заедно со секторите, заедно со вас советниците, ќе ја видеме реалната потреба која е , меѓутоа јас еве од денеска сакам да ве охрабрам, да ви кажам дека со заклучно со месец ноември, декември, нашите очекувања се да бидат донесени уште неколку детални урбанистички планови каде што развојот на Општина Кавадарци драстично ќе биде зголемен и ќе биде овозможено приватни инвеститори да ги инвестираат во делот на колективно домување, индивидуално домување и на комерцијални објекти и нормално тие приходи како такви, тие треба да ги испланираме и соодветно да ги вратиме назад во комуналната изградба. Секогаш како Општина и како локален економски сектор аплицираме на многу проекти и на многу ИПАРД фондови со кофинансирање, однапред не знаеме што ќе ни биде одобрено, однапред не можеме да знаеме до која фаза ќе стигнеме. Кога ни одобруваат такви проекти, кога нашето финансирање дали 15, 20, 30 или 50% во тој случај ние пак ќе мора да правиме ребаланс или како резервирани средства да ги ставиме за да може проектите да ги овозможиме односно да ги изградиме самите проекти . Така да мислам дека во делот на капиталната инфарструктура и изградбата во делот на Општина Кавадарци дека градот е подигнат на многу повисоко ниво , а очекувам овој четиригодишен мандат заедно со вас советниците да направиме една преродба на Кавадарци во делот на капитални инвестиции , а тоа се стратешките инвестиции во делот на затворениот базен за кој секако ќе имаме кофинансирање заедно со Агенцијата за млади и спорт, во делот на Пензионерскиот дом, во делот на инвестирањето во заобиколницата, пробивањето на неколку клучни булевари кои што долго време не се пробиени, а тоа е од Кавадаречки Дол до Желков Дол, тоа е улицата Лазо Асијата која што долго време се очекува да се заврши и пробивање во Глишиќ од 25 –ти Март до ми се чини улица Младост, проекти, овие сите проекти кои што ги кажав не се ниеден проект помалку од 30 -50 000 000 денари , сите ќе ги ставиме во предвид, некои може ќе ги ставиме во двогодишна набавка, некои во трогодишна набавка, така да мислам

дека сите заштеди и домаќинско работење ќе одат само во интерес на граѓаните за да може да функционираат . Ја би го спомнал и Јавното претпријатие за паркирање, сега има и Предлог Закон во Парламентот за сите јавни претпријатија кои што имаат направено загуба во однос на пандемијата, а тоа е едно од нашите претпријатија е Паркирање пошто знаете и сами со карантините, со полициските часови и со неовозможувањето на движење јавното претпријатие во овие две години падна на многу ниско ниво во делот на примањето приходи од паркирање на возила и раздвиженост. Во моментот тоа е на завидно добро ниво, нема некоја голема профитабилност, меѓутоа мислам дека со ваквата тенденција на работа ќе има ликвидност меѓутоа таа акумулирана загуба која што се створи во тој период ние како Општина мораме да ја покриеме или доколку државата донесе одлука генерална на Парламент да ги помогни мислам дека ќе бидеме опфатени со таква одлука . Да не заборавиме дека и јавните претпријатија како Комуналец заедно преку Здружението Акто кое што го имаат добија средства од 4 500 000 денари во 2020 година по основ на инсунирање на јавни претпријатија коишто во моментот на пандемија имаа намалување на своите приходи. Се случи кај нас истото, трошковите беа зголемени, затоа што беа условите потешки за работа, со селектирање на луѓе, па со групи на луѓе, а дејности моравме да ги обавиме во сите и само уште едно морам да потенцирам како Потпретседател на ЗЕЛС, вчера ги читав податоците за другите општини, верувајте дека ние како општина прво и основно имаме 100% издавање на решенија за данок на имот и имаме наплата од 90% до 100 % во некои сегменти . Другите општини во просек се 60 – 65 %. Така да Кавадарци и Кавадарчани домаќински си ја основаат општината и затоа општината е на тоа ниво, на кое што е и мислам дека со наредните ДУП-ови кои што ќе седниме заедно со Комисијата и за урбанизам и заедно сите советници прелиминарано да ги разговараме очекувањата. Очекувањата се многу амбициозни, многу реални и тие средства кои што ќе ги акумулираме ќе треба да ги распоредиме баш во капитални инвестиции, а не во популистички мерки или било како, така да секогаш ќе бидам поборник да тоа биде во интерес на граѓаните, за да можат нашите граѓани да живеат на едно повисоко ниво и она што ќе му го дадиме да го овозможиме, да го користат и млади и стари и да биде долгорочно изградено и нормално со секоја нова градба која што ја правиме и ја поседуваме имаме трошковите за одржување се зголемуваат, али тие трошкови за зголемувања се домаќински да кажам дека можеме солидно да ги менаџираме и солидно да ги овозможиме заедно со моментално

вработените во Комуналец и вработените кои што ги имаме по јавните институции , нема да имаме дополнителни трошкови во тој дел .
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник за вашето исцрпно обраќање. Дали од советниците некој друг бара збор за оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, ја заклучувам точката и истата ја ставам на гласање. Значи предлог одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година заедно со Амандманот за Предлог – Баланс на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година го ставам на гласање . Кој е за молам да крене.
11 за. 5 против. Воздржан 1 .
Предлог –Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци заедно со Амандманот за Предлог – Баланс на Буџетот е усвоен.
27.Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година-Трет квартал;
Отварам расправа за дадената точка.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, Претседавач на Совет, Градоначалник, служби, граѓани направивме увид во кварталните извештаи за реализација на Буџетот и моето мислење е дека реализацијата на Буџетот во овие три кваратали интерно како што е претставено во Кварталниот Извештај, К1 е во одреден момент во одреден дел слаба , во вкупно тековно приходи кои што во Буџетот има реализација на приходите од планираните 482 000 000 на 228 само, односно 47 %. Исто така значително, дури уште пониска е реализацијата на самофинансирачките активности за 2021 година од 32% и сето тоа влијае врз намалување односно врз намалување на реализацијата на расходите, односно и на сите програми. Кај Капиталните расходи имаме реализација од само 38% во однос на она што е планирано. Во однос на останатите приходи има сериозно отстапување во однос на претприемачки приход и приходи од друг имот кадешто е планирано 154 000 000, а реализацијата е само 2,4 000 000 тоа е реализација од само 1,5%, не знам зошто е сериозно промашувањето овде. Во однос на она што нас не интересира сите тоа е исто така капиталните приходи се сериозно ниско реализирани, тоа е 28% од 78 000 000 реализирани само 22 000 000 до завршно, т.е. кумулативно со третиот квартал. Сето тоа, ниската реализација на приходите има соодветна своја рефлексија и во делот на реализација на програми и во делот на реализација на расходите, посебно во делот на капиталните расходи. На пример одржување на автопати, улици и патишта 36,8 % од планирани 27 000 000 реализирани само 10 000 000. Во

делот на градежната изградба на улици и патишта од 92 000 000 планирани 34 000 000 реализирани односно реализација од 37% која што е исто така ниска и изградба на прочистителна станица колектори планирано е 43 000 000, реализацијата е 15 000 000 или вкупно во однос на реализацијата на капиталните расходи од 445 000 000, 170 000 000 реализација односно 38%. Согласно третиот квартал треба да биде ако е правилна реализацијата на приходите и на расходите треба да имаме 75%, во ред е одредено отстапување меѓутоа сметам дека отстапување од речиси половина од она што е планирано е недозволено и мислам дека е пропуст во делот на финансиското планирање на реализацијата на буџетот. Во однос на Кварталниот Извештај К2 каде што се однесува за доспеани, а ненадмирени обврски оваа година сме ја почнале со 79 331 000 долг спрема компании, коишто е доспеан и кој што треба да ги плати Општина Кавадарци. Тој долг во јули месец е највисок 128 454 000 и подоцна бележи одредена тенденција на намалување, меѓутоа доколку го спoредиме пред 4 години Градоначалникот спомна дека приходите се зголемени за двојно, меѓутоа долговите исто така се зголемени уште повеќе, на пример доспеаните, а ненаплатени обврски се зголемени за 4 пати во однос на 2018 година каде што изнесуваат некаде 23, 24, 25 000 000 денари. Тоа е отприлика тоа.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Најнапред да ги поздравам Претседавачот, Градоначалникот, колегите советници, медиумите и граѓаните . Јас сакам да кажам дека во првата точка што ја разгледувавме сега во ребалансот бројките кажуваат едно за искористеност на буџетот, а сега во оваа точка за Кварталниот Извештај бројките се навистина мали и мислам дека не ја кажуваат правата состојба за работењето на Општината. Се ближи крај на година, очекувам дека до крајот на годината ќе има завршни времени ситуации, фактурирања и од страна на Општината и од добавувачите према Општинатаи за тоа по однос на оваа точка јас ќе гласам воздржано.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор го затворам претресот по оваа точка и истата ја ставам на гласање.

Кој е за молам да крене. 10 за. Кој е против. 5 против и 2-ца воздржан.

Констатирам дека Советот на Кавадарци ја усвои оваа точка.

28.Предлог-Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам расправа. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Точката на Дневен ред е распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за следна година. Добивме образложение од страна на Сектор за финансии зошто се прави тоа,

меѓутоа наша програмска определба како претставници на политичката партија СДСМ беше да имаме зимска служба во рамки на ЈП Комуналец, да ЈП Комуналец се екипира со соодветен кадар, набави соодветна опрема и да ЈП Комуналец започне да ја врши и оваа работа односно одржување,зимско чистење на улиците со цел да се направи заштеда на средства и да не даваме секоја година по 3-4 000 000 .Оваа година е 3, претходните години мислам дека е горе-доле истата сума со цел да се направи заштеда на средства наша програмска определба и наша заложба овде во советот ќе биде да ЈП Комуналец има сопствена зимска служба .

СОВЕТНИК ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседателе, почитувани колеги советници. Колку што беше разгледана точката на Комисијата за финансии, овие предлози за пренамена на средствата за 2022 се однесуваат со цел ради тоа што беше целта со тоа што не може средствата да се пренаменат, да се претходно да се утврдат, односно претходно да се утврдат со јавни набавки во овие месеци за да може да се користат од 1-ви месец наредната година, бидејќи ако ги оставиме јавните набавки после 1-ви месец 2022 година ќе имаме застој, односно ќе не може да се набавуват средства посебно за во делот што се однесуваат на горивата и зимската служба. Што се однесува до зимската служба, тоа е нормално тековна, што мора да се предвиди предвреме, никој не знаеме каква зима ќе не очекува и што значи како ќе се одвиват условите и затоа во делот на финансирањето што се однесува за зимската служба мораме да бидеме како Општина припремени затоа што знаеме сите дека во моментите кога има зимски услови сите одма реагираме зошто не се реагира навреме, зошто имаме застој во сообраќајот, па затоа тоа е предвремено мора да бидеме спремни и да постапиме согласно временските услови и затоа мораме како Општина односно како Совет да ги предвидеме сите средства што се однесуваат во делот на зимското одржување на улиците и патиштата ради тоа што е сето ради добробит на нашата општина, за нашите граѓани, а не се зема со цел, во случај кога нема да се направат трошкови во делот на зимското одржување, ако немаме, ако имаме благи зими и немаме временска непогода, тие средства нема да се истрошат.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Со оглед на зимската служба 10 години имам точна анализа на зимската служба и тоа ви беше популистичка мерка која што ја застапувавте предизборно и ок. Општина Кавадарци во најлошата зима има потрошено 6 000 000 средства, а тоа мислам беше 2004/05 година . Инаку во континуитет се трошат 1 200 000-3 000 000 денари во зависност од зимата. Во тие 3 000 000 денари кои што се сега предвидени за зимска служба за 2022-23 година мора да имате во обзир дека 50 % од

сумата која што е предвидена е набавка на материјал, сол и ризла. Остануваат само 1 500 000 денара за оној кој што треба да не опслужи со механизација, со работници, со гориво. Јас го прифаќам предлогот ЈП Комуналец го работи тоа од наредната година и еве ве замолувам почитуван советник да направиш една економска анализа заедно со техничка спецификација што треба да се набаве во јавното претпријатие, еве го директорот на ЈП Комуналец е тука, колку опрема треба да се набаве, колку возила , вредноста на тие возила да ја ставиш, да најдиш средства како да ги набавиме заедно со амортизацијата пошто економско финансиски сме писмени да видеме дали тоа ќе ни биде исплатливо на долгорочен план десетгодишен, ќе набавиме нови возила, ќе набавиме плугови, ќе набавиме соларки, ќе ги извадиме трошковите и да видеме дали воопштотоа е исплатливо да го инвестираме или не е исплатливо, или ако е исплатливо на 20 години 30 да ја видеме економската анализа и бенефит од набавката на таква опрема.Таа опрема се користи само 3-4 месеци, а амортицацијата трае 12 месеци, унифицирана опрема, не е опрема што можеш да ја користиш 12 месеци, така да чисто еве можеме да работиме, имаме време, пред нас е цел мандат за економски да правиме анализа и да видеме што значат по број на возила, по тип на возила , по типизирање на возила колкава е таа сума за инвестирање , економски и во делот на амортизацијата и нормално трошковите за одржувањето пошто таму нема сабота, недела, нема Божиќ, Бадник, нема Нова Година има чистење,смени нон стоп дежурства, а не заборавајте дека имаме село на 1300 метра Рожден, 40 км од Кавадарци одалечено, го имаме Михајлово, го имаме Крњево, Конопиште и многу други села кај што некаде околу 60% од сите трошкови за зимска служба одат само во тие села, али уште една работа нема да го заборавите и Клиново, нема да го заборавите и Ќесендре, па незнам Шешково, Дабниште каде што одиме и со тешка механизација, патот за Клиново го чистиме со теге, со булдужер не може со ништо друго, до Бојанчиште одиме со камион, натаму одиме со булдужер и така да мислам дека треба да се направе добра анализа, а според моите информации кои што ги имам и искуство во зимската служба мислам дека е неисплатливо, али еве да не бидам предвреме да пресудам, оставам простор да направите анализа , штом ја имате анализата јас би ја разгледал заедно со вас и ако е прифатлива со драга волја јас, верувам и другите советници би ја прифатиле да биде претпријатието ЈП Комуналец.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ : Реплика Вуко Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Добро е тоа што има волја. Не знам зошто веднаш се класифицира во рамки на популистичка мерка . Јас сметам

дека јавните претпријатија, јавните услуги треба во цел капацитет да ги извршуваат самите. Тоа е едната работа. Втората работа секој кој што е приватен сектор работе со одредена добивка. Јас не мислам дека одредена компанија ќе се нафане ако е така како што наведите Градоначалниче. Јас не мислам дека ниту една компанија нема да се нафане да набаве, како се нарекуваат соодветна опрема, да истрошат толку пари, да тоа биде како се вели нерентабилно, пошто секоја компанија работе одредена работа и сака да заработе што е сосем нормално.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика од Градоначалникот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас познавам две компании што работат нерентабилно и водат општествено одговорна политика. Тоа е едната компанија Кожувчанка, втората компанија Кодинг Горска кои што имаат сопствени возила, ги чистат патиштата локални во одредена фаза, во одреден период претежно во соработка со Општината, без да наплатат ништо, а го прават од општествена одоговорност и нормално за нивен интерес да можат производите од нивните фабрики ги изнесуваат. Така да постојат такви компании коишто тоа го работат, не од интерес на приходи, него само од интерес на придвижност или подвижност на патот. Не заборавајте дека имаме прва, втора, трета категорија на патишта и во случајот кога е трета категорија регионалниот пат Витачево – Мајдан таму се случуваше и по недела дена патот да не биде исчистен и оваа година ако имаме зима , ние заедно со вас фактички ќе го исчистиме патот без разлика што е регионален, ние го чистиме колективно општествено пошто возилата на Македонија Пат и другите го чистат патот од прва и втора категорија и тоа му е со уредба, значи трета категорија ја оставаат за последна, а знаете дека таму имаме и жители, меѓутоа имаме и фабрики кои што се доста развиени, а и се развива тој регион , сега и винарство и туризам, дај боже и граничен премин. Така да општествено одговорни компании постојат, ги спомнав двете кои што бесплатно ја вршат таа дејност за потребите јавни.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали друг бара збор. Не бара. Бидејќи е исцрпен претресот по оваа точка, истата ја ставам на гласање. Кој е за молам да крене. 11 за. Кој е против.5. Воздржани 1.

Констатирам дека Советот ја усвоиПредлог- одлуката за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година

29.Предлог -План за програми за развој на Општина Кавадарци за 2022 година ;

Отварам претрес по истата точка. Дали некој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го затварам претресот на следнава точка и предлогот го ставам на гласање. Кој е за молам да крене рака. Едногласно усвоена точката.

30.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата уредување на градежно земјиште на подрачијето на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам претрес по точката. Дали бара некој збор. Бидејќи никој не бара збор го затворам претресот и истата ја ставам на гласање. Кој е за молам да крене. Воздржан. Едногласно усвоена точката.

31.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја затворам и ја ставам на гласање. Кој е за молам да крене. Едногласно.

32.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2021/2022 (Зимска служба) ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор ја затварам точката и истата ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за, 6 воздржани. Советот ја усвои оваа точка.

33.Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Мрежичко, КО Мрежичко, Општина Кавадарци, плански период 2019-2029 година;

Отварам претрес по оваа точка. Кој бара збор.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Процедурално. Јас во комуникација со службите, со Градоначалникот побарав и мислам дека нема да биде проблем за, ок имаме разбирање пошто е втора седница на дневен ред. Сакаме секоја наредна седница да ни биде доставена целокупната документација за сите ДУП-ви кои што ги гласаме и тоа да биде доставено неколку дена , мислам 7 дена претходно како што стое во Деловникот , бидејќи е сериозно голема материја и бидејќи треба да соодветно да се разгледа таа материја, да се виде како се располага и како Општина Кавадарци управува со земјиштето, со катастерските парцели барам да тоа биде доставено 7 дена барем пред седница на Совет, со цел да можеме да имаме соодветен увид во тоа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред. Реплика Нешковски, па Градоначалник. Процедурално .

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ :Почитуван Градоначалник, колеги советници само кратко да објаснам. Ние имавме Комисија за урбанизам . На самата Комисија беше утвредено од страна на службите дека во наредниот период т.е. за наредните седници ќе добиеме лозинки кадешто електронски може да се гледа целосната нели документација

со урабанистички планови , така да секој од колегите советници , кој што е заинтересиран за дел од овие точки коишто се наоѓаат на Дневен ред може пред седница да ги разгледаат, може исто така на самите комисии без разлика дали е член на некоја одредена комисија може да присуствува со цел да има и да добие дообјаснување.

СОВЕТНИК ВЕСА БОГЕВА:Може процедурално. Бидејќи јас бев присутна на седницата. Јас мислам дека со е –урбанизам ќе можеме да ги следиме Извештаите со кои располагаме. Инаку материјалот што треба да биде даден на седницата треба да биде доставен на меил 7 дена унапред и со тоа што ние ќе имаме на располагање да влеваме во е-урбанизам и да правиме проверки и да се информираме, тоа е убаво, значи материјалот треба да биде доставен унапред за таа седница, што е планирано на седница , да си биде доставен во рок од 7 дена. Тоа нека биде пракса и нормално да не ни се натрупа со повеќе материјал, а инаку имаме разбирање за некои точки, но тоа ќе бидат исклучоци.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Со оглед на урбанистичките планови, тука сакам да укажам тоа, сигурно и знаете дека тоа се долготрајни постапки, ептен долготрајни и кога ќе ни донесат усвоен урбанистички план, од Министерството кога ќе ни биде потврдено , ние го рачунаме за крајна фаза и верувајте дека се радуваме на него како мали деца едноставно кажано пошто еден урбанистички план , еве јас конкретно зборувам за село Мрежичко ќе ви кажам дека е 6-та година во обработка, почна, под 5,6 години не се носи урбанистички план, значи тоа е во ниеден случај неоправдано, тоа не е грешка на нашите урбанисти, не е грешка на општините, сите министерства и сите претходни постапки се тие што треба тоа да максимално го убрзаме, исто така ЛА ЛУНА која што веројатно е следната точка како урбанистички план со измена, со единствена цел да тендерираниот затворен базен кој што го имаме и катната гаража ја вклопиме во таа парцела, која што ветивме да ја зачуваме парцелата, целата да ја издадиме за затворен базен со спа центар. Урбанистичките планови една постапка која штоја почнува оваа година Општина Кавадарци, прво тука се промовира за промена на урбанистички план , после тоа се пушта во оптек да речиме заедно со сите комисии , со министерства , па се враќа пак во совет, па има јавна анкета, на јавната анкета секој еден може да присуствува и за својата парцела, после пак се враќа во министерство, тоа е цела една работа значи верувајте дека тоа се долгогодишни постапки,пред две години не сме донеле урбанистички план, што ја би сакал да биде за година дена, пошто законски вика еден урбанистички план треба да трае 5 години а ние го носиме 6 годино го носиме ,што е нелогично воопшто и Општина Кавадарци со измената на генералниот план има обврска да сите

детални планови ги средиме пошто имаме населби и урбани заедници каде што имаме детални планови во хартија од 78 година, така да луѓето малтене немаат простор за развој, простор за доградби и се пуштаат во незаконски дејствија, во нелегални градби, во нелегални доградби. Така да мораме да го пратиме тоа и да како урбанизам и како една клучна работа за општината ни биде цел. Така е треба да се следе и материјалот претходно даден, јас еве би ги замолил и службите и Претседателот на Советот да сите документи стигаат 7 дена претходно најмалку, меѓутоа би ве замолил сите вас и на разбирање кога ќе имаме такво нешто кое што стварно го чекаме многу време и се радуваме на него да имате разбирање. Ние сме имале и големи седници за донесување на детални планови, се во интерес на инвеститорите да може побрзо да почнат со работа.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Процедурално. Само на кратко. Ја мислам дека треба да се даде и поголема јавност во целиот процес на ДУП да тоа биде подостапно информациите да бидат подостапни до граѓаните, дали преку користење на современи алатки на социјални мрежи, преку овие традиционални мрежи мислам дека треба да се даде поголема јавност со цел граѓаните да знаат кои парцели и кои ДУП се на Дневен ред, дали имаат тие интерес да присуствуваат или не, мислам дека тоа ќе биде од интерес за сите .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Во тој дел јас еве во име на службите, значи службите во Општина Кавадарци за секој детален план кој што го работат во опфатот, сите катастерски парцели кои што ги имат ги известуваат писмено сите иматели на парцела, имателите се известуваат и може да имаат увид во делот на времетраењето на јавната анкета, јавната анкета ја објавуваме и на официјалната веб страна на Општина Кавадарци и на мојата веб страница и на фејсбук страниците кои што ги имаме заедно со медиумите, РТК, КТВ, комплетно секаде, дури некаде каде што ќе оцене Комисијата за урбанизам дека има подетални промени и суштински промени во интерес на граѓаните организираме средби во самите урбани заедници или во делот на тоа ги покануваме лично да дојдат во било кое време во Општина Кавадарци во просторијата за урбанизам. Еве само еден пример за детален план кој што во моментот се работе, а тоа ми се чине е под име ПАРК, над Дисанска за месец време поканивме 270 странки од кои 260 странки дојдоа и се интересираа за секој урбанистички план . Забелешката може ви е на место. Кога во минатово се носеле детални планови интересот на луѓето бил на многу ниско ниво , на јавни анкети присуствувале само 5-6 луѓе кое што за мене е неприфатливо за тоа што сепак достапноста на луѓето треба да биде што поголема , али каде што имаме посуштински

промени, ние ги известуваме сите и чекаме до последниот да дојде да се произнесе, е сега доколку 3-4 не дојдат ние мораме да продолжиме со постапката.Еве пример на еден детален план дојдат 160 странки. Така да мислам дека тоа е надмината работа и дека е во интерес на граѓаните да што повеќе учествуваат во деталните планови пошто сум имал случаи и како Градоначалник и како граѓанин да појдам да кажам кога ќе го видам деталниот план некои луѓе воопшто не знаат дека таму се напоравила промена, а имаат имот, така да нас ни е во интерес да го поканиме тој пошто ако не инвестира после во парцелата и нема развој воопшто не ни треба ни детален план да носиме. Тоа мислам дека би требало да биде уште потранспарентно..

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Градоначалниче, Претседател на Совет , колеги советници, граѓани јас сметам за поздравување е одлуката што се носат урбанистички планови. Знаеме дека претходниот градоначалник и претходниот состав го донесе ГУП после долги години и сметам дека треба да ја охрабриме администрацијата, треба да го охрабриме Градоначалникот да се донесат урбанистички планови во сите села бидејќи знаеме дека локалниот економски развој односно инвестициите и да предизвикаме и прилив на туристи односно развој на туризмот, може само со нови урбанистички планови , односно може да се овозможе објекти како што кажавме дали катни гаражи, дали индустрии, категории каде што можат инвеститорите дали странски или домашни да инвестираат и мислам само со тоа би имало напредок и на градот и граѓаните .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор? Бидејќи никој не бара збор ја затворам точката и истата ја ставам на гласање. Кој е за молам да крене. Едногласно “ЗА”.

34.Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од блок 12.1, „ЛА – ЛУНА”, КО Кавадарци, град КО Кавадарци вон град Општина Кавадарци, плански период 2020-2025;

Отварам претрес по оваа точка. Кој е за збор.Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно “ЗА”.

35.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот пофат;

Отварам претрес по оваа точка . Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање . Кој е за .Едногласно .

36.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за усогласување на намена на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето;

Отварам претрес по оваа точка. Дали има некој за збор.Бидејќи никој не бара збор, истата ја затворам и ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

37.Елаборат со арх.бр.09-5338/1069 од 05.11.2021 година, за процена на штата од суша во општина Кавадарци во месеците јуни, јули и август - 2021 година;

Отварам претрес по оваа точка .

СОВЕТНИК ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници, медиуми, администрација, останати присутни, почитувани граѓани. Во однос на оваа точка Елаборат изработен од Комисијата формирана од Советот на Општина Кавадарци за проценка од штета од суша во општина Кавадарци во месеците јуни, јули и август 2021 година имам да кажам дека овој елаборат и покрај тоа што е крстен Елаборат не е технички приказ што би требало значи да го претставува и да го содржи значи. Сепак сметам дека внатре во елаборатот не се содржани потребните површини земјоделски значи површини само се набројани да речиме 1000 пријави , 5 пријави , 10 пријави . Мислам дека тоа е многу сиромашно и не би требало така да биде . Второ во овој елаборат не е содржано мислење од стручно , од Претпријатието за водоснабдување Кавадарци кое треба да потврди дали се работи за површини каде што има значи систем за наводнување или не. Трето самиот јавен повик кон граѓаните значи релативно кратко траело, тоа значи било некаде околу 30 август било објавено до 10 септември. Ден, денеска прашуваат граѓаните дека не дознале, не чуле за вакво нешто. Јас сепак сакам да истакнам дека Владата предводена од СДСМ и коалицијата од целото досегашно работење покажа и докажа дека е наклонета кон земјоделците со тоа што навреме ги исплатува субвенциите баш кога му се потребни на земјоделците, со воведувањето, со помагањето со зелената нафта и исплата на сите побарувања кои земјоделците не можеа да ги наплатат од Петра и Повардарието, таа тоа го направи, ги исплати. Во оваа насока сметам дека овој елаборат треба да биде стручно изработен доколку тој вистински би претставувал основа за обештетување на земјоделците од временската непогода суша. Како форма не е професионален, не е стручен и би можело да дојде до губење на време во дополнување на истиот или губење на правото на самите земјоделци значи да бидат обештетени.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Јас верувам дека краткиот период за пријавување затоа што касно се почна со утврдување дека се јавуваат тие штети и дека почна постбербените активности кај луѓето за да може што поскоро да се заврши Комисијата да ги заврши тие работи најверојатно, затоа и тој краток период е направен. Сметам дека тоа што е направено

во пресметките ги содржат записниците каде што се сигурно внесени површините по кои што треба да биде извршена пресметката, сигурно пресметката не е направена врз основа на број, значи со самото тоа што поднесувале имотни листови колку што знам е утврдено значи за која површина и Методологијата која што Комисијата утврдила количина на грозје и просечна цена е дојдено до методолошки која штета е настаната кај одреден земјоделец и сметам дека овие штети треба да бидат доставени до Владата на Р. Македонија за да бидат исплатени .

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Да нема на почеток никаква дилема ние немаме план да кочиме ништо и ни немаме план да застанеме на патот да трудот на земјоделците кои што го изгубиле заради временска непогода т.е. суша да не биде наплатен, тоа да го расчистиме уште во старт. Друга работа на Комисија за земјоделие разговаравме со одговорниот којшто го изготвувал Елаборатот. Во самата Комисија нема, значи елаборатот е правен врз основа на единствената методологија донесена 2001 година. Методологијата препорачува да стручните комисии за проценка на штети бидат застапени и претставници на осигурителните друштва бидејќи тие се најстручни за проценување на штети. Од информацијата која што ја добив од одговорниот во комисијата нема такво лице, значи нема претставник на осигурителна компанија која што може соодветно да изврше проценка на штета. Друга работа сметам дека треба да има податоци во однос на приносите, значи колкав бил приносот од претходна година или колкави биле приносите од одредена земјоделска култура од предходни три години просек и да се направе споредба со актуелната година со цел да се виде дали кај одредени физички или правни лица има одредени отстапувања со цел да не се прават одредени злоупотреби и да се оди кокретно кон слово на закони и да тие барања бидат одобрени од страна на Влада за исплата. Сметам дека исто така е несоодветно да за сите земјоделски површини се утврде еден степен на оштетување , пошто некој може да имат оштетувања поголемо, одредени субјекти може да имат помало оштетување и исто така побарав бидејќи правните лица имаат најголеми побарувања поединечно побарав соодветна документација, до сега до почетокот на седницата не беше доставена, правните лица се 4 во однос на физичките кои се 1090 ми се чине. Процентуално правните лица имат најголеми побарувања Ѓорче Петров 832 000, .има 5 224 000 Бовин 572 000 000 Кожувчанка 9 041 000. До сега до почеток на седница не добивме никаков записник во однос на направените увиди на овие земјоделски површини.

СОВЕТНИК ВЕСА БОГЕВА: Почитувани колеги јас сакам да се надоврзам на излагањето од претходните советници, значи како Претседател на

Комисијата за земјоделство разговаравме во врска со овој елаборат. Беше присутен член од Комисијата за проценка на штети , го прашавме, на неколку прашања добивме одговори, на некои прашања не добивме одговори како што очекувавме , побаравме и список на физички лица, да видеме кои се тие 1090 и колку лица што имат доставено пријави, рече дека ќе ги донесе, па после дојде и кажа дека имало некој проблем околу доставувањето на списокот, а за правните лица побаравме само записник, но ете бидејќи овие се малку од 1000 те пријави, тие 4 пријави да видеме што документи има во тој записник, значи цела дискусија на комисијата беше со цел да ги отвориме сите прашања , што ќе бидат отворени на Влада, затоа што ова го праќаме до Влада, до Министерството и таму сигурно ќе го разгледуваат, ќе бараат дополнителни документи, дополнителни информации. Целта ни е да го скратиме времето за да стигнат земјоделците до овие средства. Ние како советничка група и ќе го подржиме овој елаборат и сакаме земјоделците да бидат обештетени, но сепак треба да бидеме начисто да не се случи да имаме ние тука, значи Комисијата претходно пропуштила нешто, сега ние тука сме Совет што треба да разгледаме, да видеме што е пропуштено, да надокнадиме и кога би ги пуштиле тие документи во Скопје, во Влада, да бидеме начисто дека ќе бидат одобрени. Секако дека процентот е голем, 80 кај сите е исто, така одлучила комисијата, одговорноста е на комисијата зошто така одлучила. Влада дај боже да ги одобре сите 80% може они ќе направт некои корекции, може ќе ги разгледат тие катастерски површини , ќе направат некое истражување, не навлегуваме во тој дел. Бидејќи од комисијата не видовме некој предлог врз основа на нашите прашања дека би направиле некои дополнителни мерки со цел да овој елаборат биде поиздржаен ние сепак сме со расположение да го пуштиме таков како што е, ако сте сите во мнозинство така, но сепак носиме голем ризик дека ако овој елаборат не биде прифатен од Влада, значи одговорноста е и наша зошто тие лица што поднесија пријави во најжешкиот период, значи имаше гужва во Катастар, вадеа документи, имотни листови, се измачија луѓето да стигнат до тие средства да не бидат одобрени и исплатени, односно обештетени од страна на Влада, макар што исто тоа го потенциравме и на Комисија не знаеме колку луѓето беа навремено информирани и дали сите беа, имаше и јавен повик да, но имаше и луѓе кои што не веруваа дека ќе дојде до исплата на такви средства и од тие причини не поднесија, има реакции од некои граѓани сега дека не разбрале, може тоа е нивна одговорност и нивен проблем ,но сепак можеби требаше може и било кратко времето да се дојде до начин како да се обештетат сите граѓани што беа оштетени од суша, затоа што ние сега бараме голем

износ на средства и кога тој голем износ би го поделиле на физички лица колку се пријавени реално испаѓа дека една пријава треба да добие по 150 000 денари, значи тоа кога ќе го слушнат нашите граѓани дека толку средства ние бараме за секоја пријава ќе има малку револт и ќе има малку повеќе прашања на кои што ние треба да одговориме зошто е тоа така .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи јас морам да укажам на неколку работи. Ние како Општина се најдовме во шах мат позиција и сега се наоѓаме меѓу две структури кои што треба да импровизираме нешто и да направиме. Прво и основно Општина Кавадарци ниту е соодветна , ниту има кадар вработено соодветен, ниту има луѓе стручно вработено професионално за да прават елаборати, такви, да прават проценки на штети, ниту се проценители, ниту пак јас можам да заангажирам компанија за проценување на штети од осигурителна компанија , за тоа требаат средства , требаат луѓе. Значи тука Министерството за земјоделие , не да се оградиме од оваа работа, доволно е нашата иницијатива што сме ја направиле . Да пуштивме повик, воопшто не е мал бројот од 1100 луѓе кои што се јавиле во тој период, сме го пуштиле повикот , ако сака Владата да праве дополнување на некои луѓе кои што не слушнале на време или не се јавиле, нека го допуштат повикот, нека се јават мислам дека треба Министерството за земјоделие комплетно оваа работа да си ја преземе. Во делот на тоа колку е проценката од суша, колку е приходот кои што го дале, пошто податоците се сите во Министерството за земјоделие, немаме податоци ние од таа работа. Да некој пријавил дека има 80% суша, нашиот не е аграном, ниту е проценител ,оде на лозје , првпат може у животот, човекот си е екологист, кој што го ставаме, 80%, 80, одговорноста не е негова, пријавува штета човекот, ја запишува штета, дава имотен лист, тија имотен лист го даваме, затоа Владата и Министерството за земјоделие треба они се покомпетентни, да си ги извадат сега податоците од сите оние кои што имат пријавено, да извадат податоци колку грозје предале, да видат споредбено со претходните години 2,3 и доколку се случе дека оваа година не знам условно зборам од 10 ха предал 10 000 кг грозје, а претходно носел 30 автоматски загубата е 20 000 кг или нека си направат проценка добра. Така да мислам така треба да биде Заклучокот по оваа точка. Да го пуштиме овој елаборат таму, да се оградиме затоа што се работе за големи средства, дали се 150 000 или 200 000 по човек ние не можеме да судиме за тие средства и да одговараме за тие пари пошто стварно немаме компетентност и немаме ингеренции. Прво беше мрзнење, па после беше суша, а нека биде еве едно заблагодарување на моите служби кои што се тука, на вашите служби затоа што па ниедна друга општина не го направи воа

што го направивме ние, ниту во Неготино, ниту во Росоман. Ние ги пишувавме и Неготинци и Росоманци сите во нашиот елаборат. И тоа не е исправно, треба да ги пишиме само од Кавадарци, али да не ги враќаме ги ставивме во елаборат, да ја потикниме Владата, да го потикниме Министерството за земјоделие, си има Подрачна единица, нека си формира соодветни комисии, нека си го формира елаборатот, појдовната точка му е тука , натаки на стручно ниво нека одлучат дали воопшто има суша или каде што имало , дали Водостопанство има вода , нема вода , дали е по наводнување, не е под наводнување , не можеме во толку детали да го сработиме ние уште две години најмалце сето. Така да мислам дека Министерството за земјоделие е тоа што најкомпетентно треба да го сработе, а и тие клиенти се наши сограѓани, а клиенти на Министерството за земјоделие, каде што плаќаат и концесии за земјоделско земјиште, каде што зимаат и субвенции од Министерството, имаат многу повеќе евиденција. Така да јас би предложил ова да биде давање на Елаборатот и Заклучок дека треба да ја преземе работата Министерството за земјоделие со Владата заедно и со Подрачната единица во Кавадарци и околината за да можат професионално да го сработат и да кажат има, нема каде, колку и што е, пошто за исплаќање на средства не е мала работа .

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Јас би сакал да напоменам само дека просек не можеме да вадиме за секое стопанство поединечно, туку севаде некој просек генерално на територија на Општина Кавадарци колку се приносите по смедеревка, вранец итн. Значи просек за земјоделско стопанаство е тешко , некогаш може да произве многу, некогаш може да произведе малце, зависи од тоа каква земјоделска пракса употребил, кои заштитни средства ги имал , како го изработил лозјето оваа година , дали го работел поквалитетно или понеквалитетно, значи приносите варираат некаде, а има просек кој се гарантира на ниво на територија. Бројката на аплицирани ништо не ни значи во однос на тоа што овие граѓани аплицирале, некои не успеале или како што е кажано не верувале. Тоа си е нивно убедување. Значи имало можност секој да си дојде да си пријаве штета., таа сума од 150 000 денари ве уверувам дека можеби е и малце, затоа што штетите што се направени од сушата ќе влечат последици и оваа година, односно следната година, ќе имаме намалени приноси. Така да сметам дека овие средства треба и овој елаборат да го подржиме и да го пуштиме во оптек .

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака почитувани колеги, токму тоа и беше нашата забелешка што ја имаме да влезат како Заклучок заедно во елаборатот и да министерството врз база на податоците кои што ги има, пошто има податоци кои колку предал грозје да утврде штета за секој

поединечно. Значи мојот предлог е тоа да се вметне тоа како Заклучок заедно со ...

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали уште некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по оваа точка и истата ја ставам на гласање .

Кој е за заедно со Заклучок . Едногласно “ЗА”.

38.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2021 година;

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни , почитувани медиуми, почитувани граѓани, предлог како член на Комисијата за култура и советник во Општина Кавадарци сакам да ги запознаам граѓаните со оваа Програма за изменување и дополнување на Програмата активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2021 година. Овој предлог за изменување опфаќа 2 точки, од 4 глава за финансирање и буџет на Програмата за култура и во точка ставките со реден број, 1,2,3 се бришат, односно тоа значи дека културните манифестации Св. Трифун, Културно лето Го сакам Кавадарци и културната манифестација Тиквешки Гроздобер не се одржале и затоа од вкупниот износ на сума та од 6 600 000 денари, таа се намалила на 1 702 000 денари. Е сега во точката Б од Предлогот за именување и дополнување на оваа програма стои дека во оперативните трошоци за културните настани после точка 10 се додаваат нови точки 11 и 12 кои што се однесуваат на набавка на часовници или алки за награда за дежурните лица од службите за Нова година и набавка на телевизор по повод празникот Водици , ние со тоа се согласуваме и во вкупниот износ од 3 000 000 денари кој се заменува со 3 170 000 денари. Е сега во оперативните трошоци за културни манифестации кои се предвидени со Програмата за култура имаме на почетокот еве прва ставка е ноќевање на гости за Тиквешки Гроздобер, која што изнесува 600 000 денари. Во точка А од Програмата за изменување и дополнување ние кажуваме дека ставките, меѓу кои и Програмата за Тиквешки Гроздобер се бришат и сумата се намалува, а сега во оперативните трошоци тоа не се исклучува . Исто така дел од средствата, односно ставките во овој дел од оперативни трошоци сметаме дека треба да се ревидираат односно да се редуцираат односно намалат, затоа што 3 од 4-те клучни културни манифестации не се одржале заради знаеме за ситуацијата со Ковид и самата пандемија која што не го дозволуваше нивното случување. Јас се надевам дека тука станува збор за техничка грешка и не сакам ни да мислам дека тие пари се некаде потрошени, а манифестацијата кажуваме дека е одложена и знаеме дека е одложена,

а средствата за ноќевање на гости коешто изнесува 600 000 денари не е одземена од вкупниот износ.

САЊА КРСТИЌ: Бидејќи начелно го слушнав советникот дека зборува за оперативните трошоци, исклучиво за .Одиме јавно. Би сакала накратко да ви посакам успешна работа , на целиот нов совет и многу успешни и реализирани проекти. Да спомнам исклучиво за вашата, начелно за вашиот дел од таа програма, за оперативните трошоци зошто не се извадени или да го прочитам целиот дел. Вака сега бидејќи тоа се веќе поминати тендери и не мора да се реализираат , јас и вас ви кажав на советниците дека. Значи јас знам дека зборувавте за хотелски, за тие таквите оперативни трошоци за Програмата за 2021.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Имаме годишна програма .Од годишната програма за културни манифестации не се реализирале Културно Лето и нема Гроздобер сега дали имаме трошкови направено.

САЊА КРСТИЌ: Немаме трошоци направено, затоа имаме измена и дополнување на Програмата за 2021 каде што начелно гласи дека само реализирани трошоци ќе имаме за Нова Година, а останатиот дел точка 1, точка 2 и точка 3 од тие манифестации се бришат и таму ја намалуваме сумата од 6 600 000 начелно со генералната сума колку ќе кошта Нова Година, а во оперативниот дел оперативни трошоци каде што ги имаме тие, значи таму не можеме да намалиме, а не ги реализираме, значи тие средства остануваат, треба договорот да го поништиме за да, ние не сме ги реализирале, не ги реализираме тие средства. Оперативните трошоци беше прашањето.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Ете јавни набавки ти кажуваат дека воопшто тендер не е распишан., за каков договор зборуваш.

САЊА КРСТИЌ:За Нова Година, за Тиквешки Гроздобер кога не се реализира Тиквешки Гроздобер, автоматски немаме и оперативни трошоци за тоа. Ние распишуваме во текот на годината колку потреба имаме за да ги реализираме тие трошоци, а мораме да ги предвидиме и не се реализирани. Тоа кажав Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ама дали имаш договор за тоа. Немаш .

САЊА КРСТИЌ: Немаме и не се реализирани

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи нема договор никаков, нема реализација, нема тендер,нема јавен повик и не се реализирани. Избриши ги таму.

САЊА КРСТИЌ: Добро ќе ги избришиме.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Заклучок дека треба да си ги избрише. Техничка работа е и пазите да си внимавате на тие работи.

САЊА КРСТИЌ: Добро. Во ред .

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Кога сме во во овој дел кај Програмата за културни манифестации и установивме тоа дека е техничка грешка

во делот за Нова Година предвиден е буџет од 1 702 000 денари и ние сметаме дека во период на енергетска криза и сето она што ни следи во период на пандемија предизвикана од ковид сметаме дека овие средстав да се издвојат за организирање на Нова Година е премногу. Како посебни ставки еве би ги издвоил новогодишното украсување на градот кое што треба да не чини 800 000 денари . Наш предлог е овие суми да се намалат и ставката на пример наместо новогодишно украсување кое ќе допринесе за дополнително трошење на електрична енергија , кое што ќе биде скап ресурс во времето кое следи предлагаме овие средства да се донираат за третман на ковид пациенти , на ковид центарот во склоп на ЈЗУ со проширена дејност Кавадарци и од правен аспект би сакал да ве прашам и како Претседател и правни служби дали тоа би можело да се вметне во овој дневен ред или да се стави на дневен ред на наредна седница на совет .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи Програмата за Нова Година која што ја имаме долго време ја дискутираме, ја гледаме и на телевизија , популистички мерки се носат, па незнам градоначалници раскинуваат договор за украсување од 200, 300,400 000 евра итн. Јас сакам да ве запознаам за две работи. Прво и основно Општина Кавадарци има набавено пред 4 години сопствени уреди за украсување, кои што се виќе во одмината фаза и амортизирани, меѓутоа дел од нив може да искористиме. Овие 800 000 денари не ги даваме само за украсување, него ги даваме за монтажа и демонтажа на самото украсување. По однос на електричната енергија, тоа го кажав јавно и на телевизија, не пие вода тука воопшто пошто уличното украсување целовкупно во Општина Кавадарци троше 2 кw колку сега тука што трошат сијалиците , нема тука заштеда никаква , не можеме да заштедиме струја, тоа работе на 6 волти и минијатурно потрошувачка на енергија, нема заштеда на енергија, меѓутоа ако зборуваме и ги ставаме луѓето во заблуда, јас сум да ги подржиме сите кои што се третираат од ковид, да ги подржиме сите соодветно, меѓутоа нас не ни стига цела општина да ја продадиме за да ги подржиме луѓето кои се заболени од ковид и кои што оздравиле, малтене да речиме секој во семејство по еден имал заболен, па не дај боже кај некои луѓе да заврше и фатално, а некои луѓе завршија и со фактури од 30, 50 и 60 000 евра за приватни болници, како би ги третирал тие луѓе, на кои луѓе би им помогнал и каков критериум или правилник би направил за таа работа . Да не се мешаме во работа , која мислам дека е на државата, ние доволно како општина помогнавме и не оставивме ниеден пациент на улица, благодарение на нашата лекарска афела што ја имаме во Општина Кавадарци, благодарение на менаџментот и на Општината и на директорот во болницата и на

Кризниот Штаб, значи ни во еден момент, ниеден пациент не оставивме да биде без легло според потебите кои што ги има , единствена општина која што направивме централен кислород да секој пациент биде удоволен и не заборавајте дека оваа болница не е само за нашите пациенти , него регионална за четири општини коишто се сместуваат во Кавадарци , меѓутоа изборот кој што го вршат нашите граѓани и кога го прават да одат во приватни болници тогаш ние лично сме буквално немоќни да ги спречиме и не смееме да се мешаме во индивидуалното право. Верувам дека имало пациенти кои што неможеле да се сместат во Скопје, по клиниките затоа што немало место, имаме такви информации кои што ни ги кажуваат и лекарите и сите , меѓутоа тоа е пак ќе кажам менаџирање на Министерството за здраство и доколку веќе станува збор за обесштетување на болни пациенти од ковид , нека се разлага во Парламентот, нека си донесат одлука, нека си донесат сите средства да му ги вратат на луѓето од приватните болници, нека му платат дневници за изгубени работи, пошто не е само тоа во прашање, него тоа е една спирала која кога ќе ја отвориме и нема крај. Знаете колку компании останаа без 20, 30 % од вработените со 30, 60 дена и Фондот не им го плати тоа , него беше на терет на фирмите, не доаѓаа на работа луѓето, знаете колку компании имаа редуцирани луѓе коишто не идеа на работа , а зимаа плата максимална, знаете колку кафиќи и ресторани не работеа, а зимаа плати , дел од тоа го покри и државата . Во пандемија се е малку, крај нема, така да една таква фама се створи пред 3 месеци дека Општина Кавадарци ќе исплаќала на сите болни ковид пациенти, па дојдоа тука 3000 луѓе, значи јас мислам да не навлеваме во таа работа пошто ќе заглавиме и нема да имаме критериум како да направиме правилник или да исплатиме на луѓе ковид болни, оти сите што имат осигурање ова е пандемија, кризна состојба прогласена од државата, мислам дека државата треба да си има мерки заедно со општината колку што можеме да помогнеме да секој пациент биде згрижен, а и не знаеме што не очекува после 2 месеци. Во делот на ова што споменавте за 800 000 денари пак ќе кажам дека е скромна сума и симболично ставена, во делот на размислувањето наше односно и на службите и јавното размислување на граѓаните е дека минималано украсување кое што ќе го постигниме со овие 800 000 денари дека ќе направиме една атмосфера во градот, дека малку ќе ги размрдаме луѓето од оваа пасивност да речам, ќе ги размрдаме луѓето од монотонијата и дека не знам , нема движење, полициски часови, ковид, па не оди на отворено, оди на затворено, вакциниран, невакциниран, така да мислам малку психолошки малку да ги размрдаме и да ги ослободиме и најмладите, меѓутоа и секој ќе се израдува барем овие 20 -тина дена , ако имаме

среќа да има и снег тој период мислам дека поголем ефект ќе постигнеме , него било што. Јас како Градоначалник лично стојам на тоа дека треба овие средства од 800 000 денара , пак ќе кажам минимални средства да ги намениме во украсување на градот , не заради друго, или ради имиџ или его, него ради само еден психолошкки момент да нашите најмлади и најмили деца, родители, било кој се израдуваат или да прават по една слика на плоштадот каде што не е секојдневна, лани немавме никакво украсување, ставивме само тоа што беше ептен неопходно исто ќе биде и тука, али со некои дополнувања пошто опремата ни е многу застарена и мислам дека сумата е многу мала,али ако еве вие одлучите дека треба да нема украсување, јас би го прифатил и тоа сето. Сепак сум да малку направиме раздвижување , да овие наши 35,36 000 жители сменат од секојдневието и почуствуваат нешто малку поубаво и дај да му дајме на луѓето енергија или да му дајме малку мотивација да мрдниме од мртва точка, две и пол години во пандемија воопшто не е лесно.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака да не се разбериме погрешно ние не сме да нема украсување во градот, меѓутоа сметам пошто секоја година се набавуваат одредени елементи за украсување на градот, да не се праве тоа секоја година туку да се заштеде.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само да те корегирам, значи 4 години немаме набавено, оваа година набавуваме пошто опремата ни е веќе застарена, дел нашата опрема ќе ја ставиме, дел дополнуваме, презентација можеме да направиме на тоа, до година ќе предвидеме да набавиме за наредните 4 .

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во духот на домаќинското, транспарентно и отчетно работење. Значи не сме за да нема ништо во градот, да биде штуро за Нова Година, меѓутоа тие елементи кои што ќе бидат набавувани , да сумите не бидат огромни и да тие елементи се зачуваат и да со истите елементи се украсе градот и наредната година.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитуван Градоначалник поентата на моето излагање беа во делот на средствата кои што можеме да ги редуцираме од новогодишната прослава бидат наменети, да се донираат на Ковид Центарот, а не да ги обештетуваме ковид болните, тука да немаме забуни околу предлогот. Или доколку мерките на централно ниво укажат дека нема да има прослави, тие средства наменети за новогодишната прослава да се пренаменат, ако има можност за ковид центарот, а не за обештетување.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Грешка сум те сванал. Да извини. Ние секоја година како Општина даваме од 2-3 000 000 денара на Општа Болница со проширена дејност, на некој начин субвенции. Менаџментот на

болницата си определува на кој начин си ги реализира средствата ,гледаме да бидат наменски средства, да не бидат непродуктивно потрошени, сега за сега домаќински се трошат тие средства и оваа година имавме и повеќе реализација, така да мислам исто така и во наредниот буџет имаме предвидено буџет за ковид болницата, не за ковид, него општо за болницата средства, меѓутоа ако се јаве потреба еве стојам на располагање, а верувам и сите вие ако се јаве потреба за ковид болницата да екстра нешто да направиме ние можеме тоа и на вонредна седница да го донесиме тоа и со екстра буџет и со сите работи и без разлика на средствата од прославите не смееме никогаш да го заборавиме на завидно ниво.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани како раководител, сега малку од темата ќе избегам, како раковидител од дел од секторот за ковид болницата од Кавадарци осеќам една морална лична одговорност да мало појаснување дадам околу сево ова. Околу цела пандемија што не потреси 2 години, што ја измести и светската економија и светскиот начин на живеење и практицирање на нашите животи, можам да забележам дека како општина и како општество барем локално тука на еден релативно задоволителен начин локално се справивме со самата пандемија. Во таков правец беа заложбите на менаџментот во Општа Болница Кавадарци со проширена дејност. Донациите кои беа од приватните компании пред се бидејќи работам во модуларната болница, сакам да поздравам пред сите централниот довод за кислород кој беше од приватна компанија Кожувчанка донирано кој итекако ни е беше потребно за пациенти кои се таму на централен довод на кислород, нашиот персонал да не користи боци туку директно да се приклучуваме на батерии за централен довод на кислород, така да сметам дека во тој правец начин на справување досега како општина имаме право да бидеме задоволни, со начинот на справување и со начинот на третирање на нашите пациенти кои имаат потреба од модуларната болница. Во текот на буџетот кој го планираме за 2022 година апсолутно можеме заедно да се инкорпорираат такви средстав кои ќе бидат од помош за ковид центарот во Општата болница во Кавадарци , а во однос на вториот дел околу импементирање и начинот на кој би требало да биде замислено прославувањето на Нова Година, јас сметам посебно овие две години на комплетна парализа на општеството сметам дека е со едно почитување на мерките на пандемијата, апсолутно ни е потребна како народ мало освежување и мало изместување на тој лош психолошки план и таа депресија во која е западнато нашето општество. Така да сметам тука во однос на тој превец и сите сме сложни дека тоа затворање сами во себе, таа психолошка

депресија која пандемијата врз нас апсолутно ја реализира, мора да го надминеме, една добра работа треба да биде сегашната Нова година која што вкучително за сите чинители на ова општество пред се на град Кавадарци ќе дојде на една благопријатна расположба.
Претресот е завршен. Кој е за молам да крене рака. За 11 Кој е против . 6 против .Воздржан .
39.Предлог- Новогодишен и Божиќен базар 2021/2022 ;
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Отварам претрес по точката. Кој е за дискусија повелете. Бидејќи никој не бара збор истата ја затворам и ја ставам на гласање. Кој е за .11 за . Кој е против. Против 6. Воздржани.
40.Предлог-Програма за вршење на дејност оџачарски услуги во Општина Кавадарци;
Отварам претрес по оваа точка.
СОВЕТНИК ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитувани присутни, почитувани граѓани во однос на оваа точка. Предлог-Програма за вршење на дејност оџачарски услуги во Општина Кавадарци ја поздравуваме ваквата предлог-програма. Конечно значи со ова би се подобриле многу од условите, граѓаните ќе дојдат до квалитетно исчистени оџаци. Исто така правните лица маки мачиме околу фактурирањето на оваа услуга. Значи досега тоа го немаше. Ние како советничка група ви даваме подршка значи ќе гласаме за и секогаш сме за ваквата Предлог- Програма.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали друг бара збор. Го затворам претресот по оваа точка и истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.
41.Предлог-Одлука за отстапување на ЈП,,Комуналец,,Кавадарци на управување и одржување на тоалетни кабини (санитарни јазли), на територијата на Општина Кавадарци;
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Отварам претрес по оваа точка .
ГРАДОНАЧАЛНИК: Пошто сакам да ја запознаеме јавноста, значи тоа се 10 тоалети. Општина Кавадарци досега јавни тоалети немаше. Подолго време размислувавме како да го направиме тоа и најдовме еден креативен, одржлив начин да тие тоалети бидат функционални, со минимални срдства бидат изградени, меѓутоа нашите тоалетите се врзани на константна вода и на константна канализација. Така да јавното претпријатие Комуналец ќе има за обврска најмалку еднаш дневно да ги одржава и да ја одржава хигиената, а граѓаните според локациите кои што ги имаме поставено моментално би ги замолил да ги користат тоалетите, да не бидат уништени во делот на она што го

имаме како инфраструктура комунална за Општина Кавадарци и во наредниот буџет во Програмата за комунално уредување и дополнување и урбана опрема Општина Кавадарци ќе продолжи по истиот метод некаде со 10-тина или 5 тоалети плус нормално врз основа на потребите кои што ги имаме. Потребата е од подолго време, имавме многу реакција од таксисти и реакции од луѓе кои што се шетат по паркови, по јавни површини, по велосипедски патеки, така да мислам дека функционалноста е една оправдана работа и Комуналец тука еве го и Директорот го замолувам да тие тоалети јавни бидат одржувани на соодветен начин и доколку кај нив биде нешто дефектно или било што биде навремено сменето пошто сепак станува за јавен тоалет кој што треба да се одржава хигиената на највисоко ниво.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Го затворам претресот на оваа точка, бидејќи никој не бара збор и ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно ЗА.

42.Предлог-Одлука за примање на донација движна ствар – 3 (три) клима уреди од Друштво за производство, трговија и услуги КОЖУВЧАНКА ДОО увоз-извоз Кавадарци ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно.

43.Предлог-Одлука за давање на трајно користење на движна ствар -3 (три) клима уреди на Центар за управување со кризи Кавадарци;

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Отварам претрес по оваа точка . Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за .Едногласно.

44.Предлог-Одлука за примање на донација техничка документација од Друштво за производство, трговија и услуги КОЖУВЧАНКА ДОО увоз-извоз Кавадарци ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

45.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Здружение „Мобилност ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор одиме на гласање. Кој е за. Едногласно.

46.Извештај со арх.бр.02-2271/3 од 29.10.2021 година за работењето на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ВЕСА БОГЕВА: Колеги значи Градоначалникот го спомна ова јавно претпријатие , затоа што јавното претпријатие работи со загуба. Има акумулирано загуба во неговото досегашно работење . Станува збор за младо, ново претпријатие, како да кажам, имаше несреќа да почне во време на пандемија, можеби тоа е и главната причина зошто се овие финансиски резултати на ова јавно претпријатие , но можеби и не, може има некои работи што треба да се сменат во ова јавно претпријатие за претпријатието во натамошниот период работи успешно, односно да остварува приходи толку колку што мислам да може со сопствените приходи да ги покрива трошоците или во некој дел може да покрива и Општината нормално, затоа што е јавно претпријатие, врши дејност од јавен интерес потребно е за градот, но сепак со овие бројки како што се сега критична е состојбата и ние како советници треба да се вклучиме во подобра анализа на состојбата на ова претпријатие за да можиме натаму да ги следиме работите и да носиме одлуки, заклучоци, да даваме идеи. Мој предлог е бидејќи овие састаноци и седници се временски ограничени , значи во натамошниот период да имаме и како еден вид работен состанок, како работилница со менаџерскиот тим, со вработените во ова јавно претпријатие, со службите од општинската администрација за да можеме да направиме една подетална анализа на сите овие бројки што се и во Билансот на состојба и во Билансот на успех. Значи јавното претпријатие има и загуба акумулирано, што секако на крајот ќе дојде Општината да ја покрие таа загуба, има и кредит кој што треба да се плаќа во иднина тој кредит . Претпријатието ни е потребно на градот, значи благодарение на тоа претпријатие ние имаме регулиран сообраќај во централното градско подрачје, исто така тие работници беа искористени во времето на пандемијата и за други услуги што се во интерес на граѓаните како град Кавадарци , веројатно и натаму ќе бидат користени, но основната задача на тие вработени е да си работат во тоа јавно претпријатие и да остваруваат приходи за покривање на трошоците на тоа јавно претпријатие. Во однос на Извештајот кога го гледав, добро е образложен, има и некои предлози од нивна страна, има, посодржаен е, зошто е тоа така во делот на по кои зони колку е остварено и како натаму се планира , имат и некои предлози на крајот дека ние треба како Совет да ги субвенционираме сите нивни изгубени приходи поради тоа што имат одобрено користење на паркинг услуги за станари по субвенционирани цени. Сето тоа е предмет што ние треба да го расгледуваме натаму, сега како таков Извештајот и сите бројки што укажуваат и Биланс на состојба и Биланс на успех и приходите и расходите, значи има доста работа за да се управи ова јавно претпријатие. Значи треба да се направи

анализа на расходите, значи тука можеби треба нешто да се корегира . Најголем трошок се бројот на платите, мислам трошокот за бруто плати, да се разгледа структурата на вработените, да се види и во делот на, имаме трошоци неподмирени за комунални такси, тоа е пак приход што го губи Општината од ова јавно претпријатие, ако во иднина јавното претпријатие има проблеми со наплата и со создавање на сопствени приходи. Се овозможува еве приходите од фарбањето, тоа се значи приходи кои што ги остварува благодарение на Општината, значи пак на некој начин тие пари Советот ги одобрува , ги плаќа Општината , но во секој случај значи ако не ги плаќа Општината на Јавното Претпријатие Паркинзи, ќе го плаќа на некое друго правно лице. Во секој случај на некој начин Општината излева во сусрет и со тоа го помага ова јавно претпријатие.Значи мој заклучок е дека сега како што го гледаме јавното претпријатие со загубата, добро е што во последните 2 месеци почнува да покажува некоја добивка, ама пак ако влезиме во подлабока анализа на другите бројки и субвенции што ги има за надминување на кризата од страна на Буџетот, пак е прашање дали реално во овој момент јавното претпријатие на месечно ниво или во последниот месец има остварено добивка.Има капацитет, има простор за работа од нас зависи, имаме добра волја за ова претпријатие да работи во иднина , но нормално со некои измени кои што ќе значат зголемување на приходи, намалување на трошоци и едноставно покривање на трошоците на неговото работење.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Сакам само да се надоврзам на советничката. Ако добро го анализираме приходниот дел и има ...имаме вработено 7 лица во делот на пајак службата. Пајак службата воопшто и не функционира. 4 месеци се обраќаме до полициската станица Кавадарци да одвојат еден полицаец за пајак службата, бидејќи таа пајак служба е направена да функционира во интерес на општината. Не функционира пајак службата, нема изговор дека немаат полицаец и така да трошокот кој што го имаме за таа пајак служба е воопшто нерентабилен. Незамисливо е па јавно претпријатие за паркирање па да нема пајак , каде што треба да отстраниме возила, хаварисани кои се од наша надлежност, а поготово 2 –ра и 3-та категорија на зони како што е Киро Спанцов, како што е Задруга, како што е Калница, Клинска и да не ги именувам ред други улици каде што паркирањето не е платежно, имаме петиции повеќе добиено од 10-тина со по 50-ина луѓе кои се потпишуваат на тие петиции, неколку пати се обративме до полициската станица и сеуште немаме никаков одоговор. Еве ова нека биде и повик и да влезе во Заклучок доколку Полициската станица се обратиме до нив официјално и како Совет ако дозволувате и како Градоначалник да еден полицаец

дневно биде одвоен да тој пајак работе , не со цел да си оствare приходи и рентабилност него функционалната целина да добие тој дел ... во паркирање зошто мислам дека тие луѓе се сепак терет кои што ги плаќаме, тогаш и воопшто да не ги вршиме ако нема потреба од таква служба, а се случуваат многу работ кога самиот пајак го користат и полицајците и од пограничната полиција за немили настани, сообраќајки или било што . Така да мислам дека е неопходен и треба да се ставе во функција за да може да да се оправда работењето и на тие 7 вработени и второ како што видов на последните 2 месеци имавме добивка покажано ,мислам дека таа добивка треба и да се зголеме на повисоко ниво, меѓутоа ние со советниците да размислуваме и јас и покрај тоа што го имам за тоа право, меѓутоа и како советници заедно со директорот тие луѓе таму сите ни се вработени со договор на времено вработување, нормално осигурани, со придонеси, со плата, систематизација ја имаме,треба покрај тоа ќе кажам што имам правозаедно со директорот да им дадеме решенија на неопределено време треба прифатливо да го направиме тоа, прво да не го нарушиме колективот во јавното претпријатие, пошто сепак тие таму колективно работат и да видеме на колкав луѓе број можеме да издадиме решенија пошто ако се определиме за таа работа тоа рачунајте веќе дека ние назад немаме, без паркиралиштето сите работи се враќаат во првобитно време каде што имавме нерешен сообраќајот, некултура, неослободени паркинг места, неослободени автобуски постојки и неослободени инвалидски места, сега барем сето тоа е во функција и мислам дека најмалку 60 % од метежот во сообраќајот му помагаме и на самите полициски службеници со тоа што сообраќајот го средуваме и сами на себе си помагаме. Во делот на субевенцијата Општината секогаш има можност да му испадниме во пресрет на јавното претпријатие затоа што од повеќе аспекти не само за паркирање , него од аспект на култура, режим и обликување на еден град . Така да мислам дека треба добро да размислиме да од јануари месец на колку луѓе ќе дадиме решенија и да не го нарушиме колективот ,така да не сакам јавно претпријатие каде што се 27 , 28 вработени да има некоја параноја и да го нарушиме колективот и едни од други да се делат луѓето и да дојдиме до ситуација каде што ќе имаме опструкција од самите вработени во ова јавно претпријатие. Така да мислам дека тоа ќе биде за јануар месец да разговараме а сега врз основа на овој Совет, за тоа што имаме право да го побараме тоа, да побараме од нашата полициска станица од ОВР Кавадарци на чело од Началникот да ни го овозможе присуството на тој полицаец пошто мислам дека тоа е неопходно и нивна директна обврска да го спроведуваат во реалноста.

СОВЕТНИК ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитувани присутни, почитувани граѓани, значи Јавното претпријатие Градски Паркинг Кавадарци е јавно претпријатие кое ја обавува една од основните функции на Локалната Самоуправа, а тоа е да се воведе ред во заедницата . Значи јас во склоп на досегашното излагање исто така на Градоначалникот и на колешката советник. Би го додала и тоа дека имено секој кој би ги разгледал материјалите и извештаиите ќе примети дека претпријатието е во загуба , ќе се забележи тоа од самите материјали па поштено е да кажеме дека нема некои непродуктивни трошоци , нема репрезентации или слични други трошоци. Сепак покрај проблемите со пајак службата загубата потекнува од ниските цени и релативно големиот број на вработени. Ние сите можеме да калкулираме што ќе кажеме и што ќе предложиме во поглед на тој проблем, а да не ги изгубиме значи симпатиите на гласачите, но факт е дека вработените треба да земат плата. Значи решението е многу сурово што не верувам дека некој од нас овдека ќе сака тоа да го спроведе. Мој заклучок или предлог како што е и во Извештајот даден од ЈП Градски Паркинг е да се субвенционира делот од загубата по одредена динамика односно да се распредели субвенцијата месечно и редовно да можат секој месец тие вработени да земаат плата до 15-ти во месецот. Значи самите рековме дека ова е едно ново претпријатие кое што во вакви услови како што се случи со корона вирусот, значи сето тоа си претрпе . Ова претпријатие значи како што е ново, предизвикува и многу внимание. Да му дадеме шанса значи како што ни беше образложено и на самата Комисија од страна на директорот на ова претпријатие дека насоките се дека трошоците , т.е. приходите ќе се зголемуваат и дека се ќе биде во ред.

ГРАДОНАЧАЛНИК: И само да не заборавам јас би сакал да разговарам и за уште една работа пошто претпријатието е младо и не остварува приход во континуитет во загуба...да се размисле и во делот на Управниот и Надзорниот Одборпошто и тоа е еден прилично голем трошок на претпријатието. Да се размислува во тој дел од примањата на Надзорниот и Управниот Одбор што го имаме при самото претпријатие пошто е на директен трошок на самото претпријатие. Тоа е разгледајте го, па да го констатираме.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас предлагам да се формира една работна група и тоа би ми бил предлог за сите тие јавни претпријатија кои што работат со загуба. Во таа работна група да влезат дел од советниците и членови од вработените, раководителот со некои од вработените во јавното претпријатие и да се направе детална анализа за трошковите и приходите. Ако од раководителот денес слушнав дека цените се ниски, 3 денара од саат, он си правел некој просек, за некои

зона Ц,Д итн. Нека се размисле и за покачување на цените, ама да се знае колку да биде фиксна, не да се створе револт кај граѓаните. Треба да се размисле да се определат и некои зони од градското подрачие каде што ќе можат да користат паркинг и оние возила што се од селата кои што идат тука, се задржуваат и навистина му е скапо да плаќат паркинг по 30 денари од саат, а се задржуваат по цела ден за да завршат некои работи во Катастар, Општина, болница, значи има повеќе работи за кои треба да се направе детална анализа, затоа предлагам да се направе една работна Група, работно тело, комисија која што ќе направе детална анализа и тие работи да влезат во Програмата за работа на ЈП Паркинзи за наредната 22 година .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас го прифаќам секој предлог што е дојден од страна на советниците или било кој, а во интерес е на граѓанството и претпријатието. Всушност немам ништо против таква комисија да се изанализираат сите работи и да се предвидат и во наредниот период. Имајте во обзир дека за два месеци ќе биде пуштен Градскиот пазар . Со тоа ќе добиеме плус 165 паркиралишта и мислам дека ....Имаме план за уште една катана гаража , со ставање на уште еден кат на постоечката катна гаража, така да мислам тие .... ќе добиеме и тие паркинг места да јавното претпријатие добие плус приходи. Нормално ќе си има и расходи немам ништо против тој дел и во делот на она што го спомнавте што доашаат од приградските села ...јас во наредната програма за јавен превоз ќе предвидам буџет така ми е во план со службите за 22 година значи започнувајќи со околните села Марена, Сопот, па од другата страна Ресава. Бегниште, Фариш, Шивец и другите села добијат најмалку 3 пати бесплатен јавен превоз, а сабота и недела два пати, а Бошавијата да добие 3 пати дневно, значи субвенции за јавен превоз за сите села што се над 3 км од градското подрачие . Анализата е направена, вака еве прелиминарно имате еве информации пошто 5-6 000 000 денари годишно е таа субвенција за бесплатен јавен превоз за тие луѓе, не додадив само и вклучување на пензионерите во делот на градската средина.Значи 50 000 000, ама направена во февруари месец нафтата беше 55 денара сега е 60 денара така да ќе биде и плус милион денара плус , али тоа ќе го разгледаме детално, ќе ги видеме придобивките од користењето на таа работа од користењето на јавен превоз како субвенција, да добијат пензионерите бесплатен јавен превоз без разлика каде патуваат и сите приградки и поодалечени села да добијат 3 пати неделно јавен превоз врз основа на тоа што ќе утврдиме..за нивните потреби на патување .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали уште некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор го затварам претресот и точката ја ставам на

гласање. Кој е за со Заклучокот на Градоначалникот за комисиска работаи за полицаецот . Тоа се два. Кој е за. 11 за. Кој е против. 6 против.

47.Извештај со арх.бр.02-1763/3 од 01.11.2021 година, за работењето на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за период од 01.01-30.09.2021 година, донесен од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка .

СОВЕТНИК ВЕСА БОГЕВА: Значи Извештајот за работењето ЈП Комуналец ја разгледаваме на Комисија за комуналини дејности , значи јас повеќе би се задржала во финанскиот дел. Не го разгледавме на Комисија за финансии ќе коментирам околу финансии . Значи овие Извештаи што се дадени за делот на секое одделение се добро изработени и прегледни, значи дават доволно информации нас како советници, сега нормално првично кога ги гледаме, натаки со тек на време ќе бидеме повеќе во тек што се случува во ова јавно претпријатие и оделно по сектори и по одделенија , но Извештајот дава детални податоци за секое одделение што конкретно работи по тромесечие во изминатиот период, од кој што можеме да видиме дека во периодот се прави споредба 2021 со 2020 година, така што во делот на изготвување на сметки може да се виде дека јавното претпријатие има многу фактурирање и во ко.личество на потрошена вода и кај физички и кај правни лица, а исто и во количество на исфрлен смет. Како информација ми фали во овој извештај зошто е тоа така , сега може не е некоја голема разлика, но сепак треба да имаме дали тука се споманти промена на водомери итн, значи да имаме информација дали тоа зголемување сега што е направено е реално, навистина пари надплаќаме сметки кон потрушувачите или пак има некоја зголемување сега на сметките, а дали тоа е реално или во 2020 година сме ги заштедиле некои. Значи во 2020 не сме фактурирале и на некој начин некои правни или физички лица се заштедени и на тој начин се губи и во приходната страна на јавното претпријатие, но не сме фер спрема останатите што треба да ги плаќаат овие сметки. Благодарение значи а и благодарение на зголемената потрошувачка веројатно да, имаме зголемување на приходи, значи сега ќе направиме мала кратка анализа на прегледите. Значи можеби во сите извештаии претходно по одделенија имаме детален текстуално образложение што се случува и како работат тие одделенија. Во делот на прегледите на извештаите финансиски немаме текстуален дел, образложение и тоа е добро да го има како потребен документ, посебно во некои ставки кои што има некоја разлика во споредба со претходната година или нешто да се даде како информација што се очекува во наредниот период, значи во последното тромесечие, до крај на годината пресметаме дека ќе ни биде

во прилог за да имаме појасна слика за работењето на ова јавно претпријатие , пак ќе напоменам тоа се однесува на извештаите на другите јавни претпријатија за кога ќе правиме анализи значи да имаме појасна слика и да предлагаме мерки од одлуки, да подржуваме, да критикуваме , значи со реална суштинска слика за секое претпријатие што се с... Значи да се вратам кај прегледите, значи имаме зголемување на приходите и тоа е добро , значи во сите делови има, значи не се баш во сите во поголем процент , значи во приход од вода и кај правните и кај физички лица има зголемување во приходот, исфрлување на смет има зголемување на приходи и тоа е добро, значи приход од пазар има намалување, ја знаеме причината таму зошто е намалување, приходи од погребни услови, сега за жал со оглед на пандемијата има и тука зголемуваеење на приходите и во другите ставки има веќе толку не се ни битни, тие се помали ставки во однос на вкупните приходи. Е тука веројатно станува збор за истата опрема, истите коминтенти што ја користат, значи нема промена на приходите и на крај на Извештајот важно е дека имаме зголемување на приходите за 2021 година, 2020 година за 5 000 000 денари, но ќе ни фали информација дали до крајот на годината се очекува ваква тенденција на приходите ги очекуваме значи на годишно ниво дали 2021 ќе биде подобра од 2020, а што се однесува до расходната страна, тука значи сега е полоша сликата, приходите се зголемуваат за 5 000 000, но и трошоците се зголемуваат за околу 15 000 000 и така да добивката имаме зголемување, имаме намалување , нели пак ќе кажеме дека не е цел на јавното претпријатие да остварува некои големи добивки или слично. Добро е да си има добивка и покрај трошоците да останат пари што ќе бидат искористени пак или јавното претпријатие ги даде за некои нови инвестиции или ќе бидат префрлени во Општината за некој друг и средства што ќе бидат во интерес на граѓаните, но најбитно е секое јавно претпријатие да си ги покрива своите трошоци и да не биде терет на Општината во натамошното работење. Во делот на трошоците значи како поголема ставка гледаме зголемување на потрошено гориво, значи од 4 000 000 на 7 000 000 денари .Сигурно има некоја реална причина зошто е тоа така, но ако имавме дополнително образложение ќе видевме зошто е тоа така , веројатно има намалување на потрошени суровини и материјали, дали тоа има врска со горивото не знам и во услови извршени од други има покачување што така е поголемо и во други непроизводствени услуги. Овие ставки се така малку по за анализа заради тоа што тука правило на нештата значи може се да има, а што е тоа значи не можеме од овој извештај да видиме и секое јавно претпријатие посебно во овие ставки, сакаме да има некое образложение и секое јавно претпријатие, станува

збор и за Комуналец значи ако има некои услугин што може јавното претпријатие сам да ги извршува, да ги користи своите средства, своите вработени да избегнуваме користење на услуги на други, со цел да имаме порентабилно, поекономично работење и уште едно прашање, не знам дали е тоа пракса или немаме Биланс на состојба, значи не можеме да ја видиме моменталната состојба на јавното претпријатие во делот на актива и пасива , значи со какви средства располага, какви обврски има, каква е споредбата моментална со ланската и како се движат тие во текот на тромесечието. Значи ако не требало да има, значи прв состанок е ова, прва седница , така што во иднина мислам дека добро е да ја имаме и таа слика на билансната состојба.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ЃОКО ПОП-ИЦОВ: Почитуван Претседателе, почитувани советници, јас на Комисијата исцрпно и детално го образложив работењето за идниот месец на ЈП Комуналец. Што се однесува за прашањата на советничката во делот на приходи од Водовод ,значи зголемувањето на приходи од Водовод се должи на тоа што се врши ажурирање на веќе постоечките водомери . Исто така и во делот на зголемување на приходи од Износ на смет, така извршено е ажурирање и на површините што покажува и самиот Извештај и сакам да кажам како удел е тоа што минатата година знаеме голем дел од тие дуќани или правни лица не работеа, така да критериумите кај нив беше намален. Што се однесува до трошоците т.е. расходниот дел се гледа дека конто 401,,402 извинете потрошено гориво цената на горивото минатата година беше околу 40 денари, сега е веќе 65 денари, значи количината на горивото се движи иста, но цената на горивото е зголемена оваа година. Исто така како поголема ставка оваaa година во делот на зголемувањето на трошоците е и бруто платата која што минатата година првите месеци била 86 000 000 сега е 94 000 000. Но сепак на крајот тоа ни кажува дека ЈП Комуналец ја завршува, т.е првите 10 месеци од оваа година ги завршува со добивка од 4 500 000 денари. Што се однесува до билансна состојба во тие постручни работи, во делот на финансиите може колегата ваш или наредниот совет може.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани во делот со финансовиот дел јас нема да учествувам во објаснување на истото, само ќе се иземам од гласање, се работи.... а не дојде до судир на интереси. Значи во делот на приходниот и расходниот дел сакам да дадам објаснување на колешката. Значи благодарам за деталното образложување на делот на приходите и трошоците. Значи сакам да кажам беше побарано Билансот на состојба или по ново се вика нели Извештај за добивката или Извештај за финансискиот успех, тое е составен дел од завршната сметка, односно и финансиските извештаии

и Ревизорски Извештај на претпријатието односно праве 2 ревизорки извештаии бидејќи МХЕЦ Лукар ДООЕЛ каде што се праве една ревизија на ЈП Комуналец и уште една за МХЕЦ ДООЕЛ односно Мини Хидро Централи и се прави косолидирана завршна сметка од носно ревизорско консолидирана. Таму секој пат доставуваат детални Биланс на состојба , односно Извештај за финансиски успех и Билансот на состојба и Билансот на успех и се дели на советниците согласно Закон за јавни претпријатија никаде не е точно определено како да изгледа извештај односно во кои црти да биде и кога се формираше ЈП Паркинзи со нас се консултираше по тој дел, значи најголем дел 80 % од претпријатијата извештајот го доставуваат, во него се опфатени приходите, расходите и имаме кеш флоу, паричниот тек во делот каде што спомнавте дека текстуален дел некој фалел, значи јавното претпријатие односно приходите и трошоците и кеш флоу, односно паричниот тек го опфаќа целото работење. Претходно во анализата односно од наплатната служба е опфатено колку се фактурира, зошто се фактурира, зошто е намалено, зошто е зголемено во делот на програмите за Водовод што е изработено, кои програми, кои основни средства, кои дефекти имал Водовод или Хигиена, што набавувал тоа е текстуален дел. Доколку некое конто односно нешто ви треба дополнително ние стоиме на располагање да ви го доставиме тоа на писмено. Во делот имавте исто прашање за конто 449 и 419, 449 односно други трошоци, таму се опфатени трошоци за судски постапки и трошоци за судски постапки, дуќани, други трошоци, водовод , штета. Во делот на конто 419 односно услуги, таму се услугите што ги плаќаме на некои добавувачи односно Ревизорска куќа, сме плаќале адвокатски трошкови, што сме ги побарувале побарувањата кои не ни се наплатени, извршители, вештачења. Тоа се наоѓа на тоа конто.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали има друг за збор.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Сакам едно да напоменам во врска со побарувањата што ги има ЈП Комуналец. Треба да се воде сметка кои се застарени побарувања да се отпишат навремено и ние тука како Совет за тие работи треба да бидеме запознаени зошто се отпишуваат побарувања и ако тој отпис на побарувања се однесе на класа 4, предизвика намалена добивка, треба на сите да ни биде јасно дека таа намалена добивка е врз основа на отписот на некои побарувања една работа, и после тој дел се носи пак во Даночниот биланс за да ја зголеме даночната основица , меѓутоа треба да се обрне внимание во тој дел за отписот на побарувањето некои правни лица ќе створат обврска према јавното претпријатие и после одат во стечај или ја ликвидират, го ликвидират друштвото и има основ со измените на Закон за даночна

постапка од 2014 година да се има право тие побарувања да се барат по судски пат од управителот или од основачот на друштвото, тоа што е изгаснато и затоа треба да се воде добро, добра анализа да се направи и да се виде кои се тие побарувања, зошто е таква ситуацијата со тие побарувања, дали се ненаплатливи реално и ако се реално ненаплатливи да не се воде судска постапка, да се створат само трошкови, оти адвокатите и извршителите си ги наплаќат побарувањата од Комуналец, а Комуналец не може да си ги наплате тие побарувања од некој доверител. За тој дел треба да се обрне внимание и треба да се направе детална анализа .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Само реплика.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Вака во голем дел се согласувам со колегата, нели колега ми е и во делот на професионална колегата советник. Значи сакам само да го запознаам дека ние побарувањата кога гледаме сите да бидат тужени, значи сите побарувања би биле оптужувани кога некое побарување претходно ги имаме не се оптужени или се оптужени ги носиме на посебно конто каде што нели има за конто тужење 1269 таму, значи ги носиме на посебно конто. Тие побарувања кои ги има од претходно некое раководство каде што станале неоптужени се ис то на посебно конто исто ставени, ние согласно одлуките на Управен Одбор и Надзорен Одбор работиме, значи ние ги доставуваме сите предлози за отпис односно за застарените побарувања, на одреден дел нели Управните органи ни ги одобруваат овие ,одреден дел истите не ги одобруваат . Мене разговорот ми е во тоа дека 55% од Кавадарчани, од нашите граѓани редовно си ги надмируваат своите сметки, тие се мал дел на, околу 5 % на значи граѓани што не си ги наплатуваат сметките односно не ги надмируваат, тие се стварно од некои социјални причини каде што може ние како Совет да се најдиме со некои програми, со некои субвенциски како што и претходно имаше, а големдел има каде што се финансиски добри и за тие мислам дека не треба да има милост, значи не може сите ние да плажаме сметки, а одредени некои кои имаат , на грбот на другите да не плаќаат и на тие суми да се воде, значи докрај адвокатски, извршни трошкови. Тоа бидејќи тие се многу малку ги злоупотребуваат сите тие што си ги плаќаат. Инаку благодарам на советот и го прифажам тоа.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас до Директорот сакам да поставам едно прашање во однос на овој Извештај да ми одговоре колку м3 има јавното претпријатие влез на вода, а колку има фактурирање на вода и колку се загубите на вода коишто ги праве ЈП Комуналец пошто сознанијат кои што ги имам јас се дека 2/3 од водата оде во загуба и се надевам дека во наредната Програма ќе се понудат соодветни решенија како да тие

загуби на вода кои што се прават да бидат соодветно намалени, само сакамво тија дел да се образложе.
ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ЃОКО ПОП ИЦОВ: Јас како одговорно лице во Комуналец наредниот Совет же ви дадам писмено на кое место во државата се наоѓа ЈП Комуналец по загуби на вода, тоа се движи некаде околу 60% и исто сакам да кажам дека во моментот има консултанитиод В.Британија т.е. од Англија и од Германија со коишто вршиме обука за начинот и пронаоѓањето на решение за тие загуби да бидат намалени, значи наредниот Совет ќе добиете точна информација колку се и на кој начин се тие загуби на вода во ЈП Комуналец .
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали уште некој друг има збор. Бидејќи никој не бара збор го затварам претресот на оваа точка и истата ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за.5 против и 1 воздржан.
48.Извештај со арх.бр. 02-1763/4 од 01.11.2021 година, за работењето на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за период од 01.01-30.09.2021 година, донесен од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
Отварам претрес по оваа точка. Дали има некој за збор. Бидејќи никој не бара збор го ставам предлогот и точката на гласање. Кој е за. Едногласно.
49.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука со арх.02-258/2 од 01.10.2021 година за донесување на Правилник за внатрешна организација на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева „ Кавадарци;
Отварам претрес по оваа точка. Дали има некој за збор. Бидејќи никој не бара збор го затворам претресот по оваа точка и истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно ЗА.
50.Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;
Отварам претрес по оваа точка.Дали некој бара збор .
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Тука има две точки ми се чини кои се меѓусебно поврзани. Јас ја разгледав Програмата и Извештајот на Вински Музеј Кавадарци. За наредната ни барат заради надминување на потешкотии во работењето да ги субвенционира Општина Кавадарци во износ од 150 000 денара .
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Тоа е следна точка.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Али поврзани се и двете .
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ние сега разговараме за 50 точка.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Поврзани се и двете, измената на Програмата
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи кога ќе дојде таа точка на Дневен ред тогаш за неа ќе разговараме
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во измената на програмата е вметнато и воа што се бара заклучно . Во измената на програмата е вметнато и воа што се бара

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ : Добро.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ : За тоа за да не излевам два пати излевам сега
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ : Чекај Мелов сега. Значи сакаш да кажиш дека двете точки ќе ги споиме во една, а
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ : Не, не дека се меѓусебно поврзани, да не излевам два пати
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Добро кога ќе дојде за наредната точка , тогаш ќе испаднш. Јас мислам дека така треба да биде.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не, не во ред е.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Сега ова точка е , значи ја имаме Предлог – програмата
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Предлог-Програмата е поврзана со оваа точка на субвенционирање
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: А бе тоа е во ред меѓутоа тоа е друга точка. Да ја изгласаме оваа точка , да завршиме, кога ќе дојдиме до таа точка ќе испаднш и ќе си дадиш свое мислење. Значи точката не е затворена .
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Да но е поврзана.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Да е поврзана меѓутоа тоа се две различни точки.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Добро.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Да завршиме со гласањето за оваа точка, за наредната точка испадни си не е никаков проблем.
Дали некој друг бара збор.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: За овој дел, за оваа точка беше наведено од Раководителот на јавното претпријатие дека почнале со работа минатата година и дека треба дополнителни трошкови да се одобрат за да се покријат Барање за одобрување на средства за да се покријат трошковите за оваа година. Јас само едно, јас лично ако се прашам сум за такво јавно претпријатие, меѓутоа не сум за постојано да си прават трошкови и пак се залагам да се формира една работна група за да се направе една програма за работа за наредната година со која ќе бидат согласни сите советници, ако се слагаме да имаме такво јавно претпријатие и ќе ја подржам ова точка. Ќе гласам за, со тоа што
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дополнување на точката. Заклучок
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: со тоа што ќе се формира работна група и ќе земат учество стварно и луѓе, мислам членови на Советот, а и луѓе коишто се од таа проблематика стручњаци кои што ќе овозможат наредната година тоа јавно претпријатие само да си обезбедува средства, а не да идиме во ситуација само барање за дополнителни средства за покривање на трошковите да има .
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор со Дополнување на точката на дневниот ред, со Заклучок на нашиот советник Јован Златевски истата ја ставам на гласање. Кој е за молам да крене рака . 13 за. 6 против .
51.Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Пошто двете точки се поврзани со Дневниот ред, јас милам дека првично може да оде првин Одлуката каде се дава субвенции, па после да оде промената на Програмата али тоа е технички детал. Значи вака Винскиот Музеј бара 150 000 денара за надминување на потешкотии во работењето. Јас го гледав Извештајот на Винскиот Музеј . За плати и придонеси у однос на Винскиот Музеј се издвоени 1 200 000 денара од кои има само едно лице вработено, тоа е Директорот кој што зима бруто плата 60 000 денари, нето 40 000 денари и двајца со Договор на дело .Мислам дека ако Винскиот Музеј има потешкотии во однос на работењето , мислам дека обемот на работа не е толкав голем да се зема, раководното лице зема толкава плата. Со што менаџира. Каква одговорност има, со што менаџира да зема толкава плата .Се водат значи постојано јавни расправи, постојано се оспоруваат кога доаѓа на пример зголемување на минимални плати исличн работи постојано доаѓаме во одредени расправи дали треба да има, дали не треба да има и мислам дека ако македонската економија е да речиме помалце развиена и ако приватните компании не може да исплаќаат повисоки плати, па има одредено нивно негодување во делот на минималната плата мислам дека не е соодветно да лица во јавните институции земат овакви плати и плус наведените потешкотии во како се вели во работењето. Значи ако јавното претпријатие, мислам Винскиот Музеј работе добро, работе профитабилно може да дојдиме и до расправа каде што би дискутирале евентуално за зголемување на платата на менаџерскиот тим.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ВЕСА БОГЕВА: Значи за оваа точка беше разговарано на Комисија и беше повикана Директорката и побаравме дополнителни информации од неа, бидејќи немавме во прилог Извештај за досегашно работење за да видиме овој Локален Музеј што изработил во изминатите 9 месеци, колку средства остварил како приход и за што ги потрошил.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Нема приход

СОВЕТНИК ВЕСА БОГЕВА: Ова е Планот , Проекцијата

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ : Проекцијата на планот е тоа.

СОВЕТНИК ВЕСА БОГЕВА: Да ама нема. Според нејзино кажување, значи тоа е нејзино планирање, проектирање на приход за 2021 година. Значи 1 800 000 се субвенционирани средства од Општината според Планот 2021 година требало да си оствaре приход во износ од 200 000 денари, дали тоа се од влезници, од организации на настани и од некои било кои други активности што биле по План и Програма на овој Локален Музеј . Ми беше зборот немаше Извештај за да видиме ние што тој Локален Музеј изработил во изминатите 9 месеци и во кој дел сега има проблеми во работењето. Според нејзино кажување Музејот во овие изминати 9 месеци има остварено приход од 30 000 денари, значи 20 000 беа по еден основ, 10 000 по друг основ. Тоа е многу малку износ, без разлика сега кога станува збор за пандемија, за криза, значи за еден музеј од таков ранг толку средства се потрошени и од Министерство за локална самоуправа за тој објект да биде таков каков што е и од Општината субвенционираме 1 800 000, имаме менаџер, платата не ја спомнуваме, не е битно колку е, битно е тој

менаџер да управува со таа институција. Кога ќе дојде ваква одлука, ние како Совет да ја подржиме, треба да имаме дополнително образложение, значи во образложението за одлуката стои други услуги, одржавка, тековно, значи сега нема активности или има али нема приход од тие активности и локалниот музеј прави дополнителни трошоци и сега бара ние како Општина и како Совет да ги покриеме, може тоа и овој музеј е релативно и овој музеј е скоро , значи минатата година е, трошоците значи не ни ги објасни директорката за што се, после во дополнителна комуникација со други од службата добивме информација дека тие трошоци се настанати претходно од објективни причини, но тоа требаше директорката на состанокот да ни објасни во кој дел, затоа што ние добивме претстава дека нешто се прави , се реновира, се трошат средства , конкретно не знаеме за што и дали имало птреба реално од тоа , а во услови кога не остварувате приходи и кога немате средства значи никој тоа не би трошел за одржавки и услуги ако нешто не е толку битно. Забелешката значи ми е во тој дел, значи више тие фактури биле доспеани, биле стигнати, треба да се платат и во секој случај одлуката мора да ја подржи Советот, но јас сум против ваков начин на работа. Значи тоа е мое мислење.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувана советничке, почитувани советници апсолутно значи ова јавно претпријатие малтене во време на пандемија, работи скоро една година, планирани приходи ги имаме, меѓутоа се слагам апсолутно дека нема во документи Извештај, што не значи не треба да ги добиеме, апсолутно ќе го бараме тоа и ќе го добиеме. Јас во однос на начинот на самото функционирање на Локалниот Вински Музеј и начинот на раководење во текот на оваа година сметам дека има една позитивна вибрација току за тоа што претходно знаеме како беше таа локација, сега гледаме каква е, така да во однос на јавните претпријатија претходно зборувавме и Паркинг и еве Локален Вински Музеј кој што бараат одредена дотација од Советот дали 150 000 денари поради тошкотии во надминување на работењето . Сметам дека како Совет ќе побараме апсолутно зошто е тоа така, меѓутоа според мене треба да имаме една позитивна вибрација бидејќи се работи за јавно претпријатие што е формирано малтене пред една година, во време на пандемија и сметам дека треба да ну се даде малце време , не за начинот на функционирање, а не веднаш начинот на трошење парите ги земаме за менаџерски приходи, па ние не го правиме начелно претходно директорот колку се неговите плати . Така да сметам дека тоа е работа која е функционална и под надзор на Управен Одбор, а во однос на начинот на функционирање на самото јавно претпријатие апсолутно треба да си доставе Извештај, што, како тоа е планирано и има доставено треба и Извештај да си доставе за начинот на потрошените пари во текот на оваа година.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ : Благодарам Претседател на Совет. Ова точка каде што се бара субвенционирање на јавна општинска установа Вински Музеј се јавив за збор само ...Значи ова претпријатие е една година. Извештај за работата на оваа општинска установа ќе имаме секако нели, кога се разгледуваат сите извештаи за ребалан на сите јавни институции кои се под Локалната Самоуправа, а тоа е нели на почетокот на наредната година , значи

тогаш ќе имаме секако доставен Извештај за работа на ова јавна општинска установа и тогаш ќе можеме да разгледаме нели каде имаме пропуст, лкаде имаме промашувања и тогаш можеме да дискутираме нели околу овие точки . Сега мислам како дел од Советот на Општина Кавадарци треба да ја подржиме оваа општинска установа затоа што прва година е од нејзиното функционирање. Знаеме нели каков беше тој дел таму од паркот претходно, знаеме каков е сега и мислам дека треба да се подрже сега, наредната година кога ќе има Извештај нели за работата на ова јавна општинска установа , тогаш можеме прво да дискутираме и да кажеме каде и кои се тие.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ : Реплика Вуко Мелов.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Дали сме ги побарале платите за јавно претпријатие Комуналец значи ова е втора седница , ќе ги побараме сигурно, да видиме како менаџерскиот тим на Комуналец, какви плати зимат , какви плати зимат вработените , мене тоа ме интересира и ќе го побарам ..Во однос на ова точка јас мислам дека ако е ново претпријатие е претпријатие кое што има потешкотии и на работа мислам дека не е соодветно да Раководителот на таа институција зима таква плата. Од една страна да бидиме против на пример зголемување на минимална плата во приватен сектор, а од друга во јавниот сектор да си даваме вакви плати, воа е несоодветно, јас мислам дека таа плата е несоодветна ако више компанијата работе со потешкотии. Тоа ми беше само замерката. Ви благодарам .
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи кога ќе дојде темата на дискусија .
СОВЕТНИК ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Претседателе само да напоменам дека формирањето на ова јавна општинска установа вие во останатиот совет го имате мнозинството на совет., сите одлуки што се донесени во делот на функционирањето на ваквото јавна општинска установа и во делот на платите кои што донесени за директорите вие бевте мнозинство во советот и зошто се донесени тие одлуки така, можете да прашате од претходните ваши колеги советници на СДСМ. Друго сакам да напоменам дека Винскиот Локален Музеј е дека во Извештај да знаете само колку манифестации се направени таму и каков допринос за цела Општина, плус тоа да знаете не се наплаќаат ниту влезници , а имаме посета и од училишта и од странски делегаации и токму тоа не значи дека ако јас еве лично ќе кажам при разни и не предвиделе дека ќе биде толку ладно во Винскиот Музеј , да било направено претходно, бидејќи таму не се седе, ладно е зимно време и направена е преграда и од таму се донесени фактури. Треба да бидеме рационални во делот, треба да го подржиме ова субвенционирање на ова установа и да видиме како понатаки ќе функционира и ќе работе.
СОВЕТНИК ВЕСА БОГЕВА: Претходниот советработел, носел одлуки, подржувал, неподржувал, си одговара за сето тоа. Сега ние не зборуваме за плата, значи планот е одобрен 1 800 000 денара ... . Секако коментираме ние не добивме Извештај, директорката ја прашавме податоците ги има, ако нема доставено извештај каде ви се 30 000 и со тоа суштината е во јавноста во општината , локалниот музеј и даде шанса на одредена личност, да зима плата

менаџерска но затоа таа има одговорност во овој период треба да ги завршува обврските што и се дадени и со Програмата, дури и требало да ги надмине затоа што во било кое време ... целиот тој период од 9 месеци да не најдите начин да остварите приход, стварно беше пандемија, ама мора, значи тука е способноста на менаџерскиот тим да оствари минимални приходи, тука нема никаков приход. Со потпишувањето на договорот сигурно таа остварила мислам презела и одговорност дека ќе раководи со тој музеј и дека ќе работи, малку е можеби вашата желба и сакате да ја подржите со цел дека има некои други бенефиции од тој Локален Музеј, од јавен интерес итн. Тоа е во ред, но не е во ред ако сега не ја подржиме и не и укажеме на таа личност дека треба поодговорно да работе со средствата кои и се доделени и да прави предлози и иницијативи од нејзина страна и кога ќе ги побара како одлука да ги покриеме, тие треба да дојде на состанок да го образложе тоа ,значи ние овдека директорката ја прашавме, директорката си кажа толку имам фактури и толку, не ни даде никакво образложување зошто нема нема некоја одговорност него чувствувавме од неа дека она се чувствува крива за тоа што потрошила пари овие 9 месеци, а сепак не успеала да обезбеде ниту малку приход и ако морало да има инвестиции во ред, таа не го кажа тоа..

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Колеги советници значи не коректно ние да кажуваме тука дали некој има одговорност, тука немаме детален извештај за тоа пак ќе кажам. На почетокот на наредната година значи ќе добиеме извештај за оваа општинска јавна институција и тогаш ќе видиме дали оваа установа работела одговорно и дали менаџерот на таа останова работел според принципи и според своите овластувања. Вие како советници ако сакавте да имате подетално извештај за работата на овој Локален Вински Музеј можевте тоа и пред комисија да го побарате 2-3 дена пред комисија се со цел да ги имате сите податоци и тука да испадните детално да образложите зошто и како пример доколку не ја подржите оваа точка што е сега на дневен ред. Уште еднаш ќе кажам не е коректно сега тука да кажувам е дали некој работи одговорно, или не работел неодговорно кога немаме извештај за работа за оваа тековна година на Локалниот Вински Музеј .

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Спомна колешката дека СДСМ имала мнозинство, СДСМ имаше 9 советници во претходниот Совет и не е точно како како советничка и оваа не сме против тоа да има Вински Музеј ,... ние сме да има Вински Музеј, меѓутоа сметаме дека ако е веќе е тешка годината јас мислам дека не е соодветна таа плата. Значи не може вие како ВМРО ДПМНЕ да сте против минимална плата за приватен сектор покачување, а тука да ви е ок да зима директор кој што управува , кој што е само еден вработен и има двајца вработени со договор на дело да биде во ред да зима 40 000 денара плата ако веќе е тешка состојбата.Тоа беше нашата замерка само.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитувани колеги советници и јас малку да се умешам во оваа работа. И минатиот пат и минатиот совет бев присутен, на една седница исто така.. . Програмата на Локалниот Музеј не ја одобривме поради.. . Сега ако сакате да бидете реални,... а имаше причина ради тоа што уште не беше регистрирана, уште Статут се правеше, дури и не успеавме и овие двајца да ги

вработиме и сега најдобро е да се договориме тука оваа година ќе дадеме... во Програмата да бараме буџетски средства....немаше простор за таква работа ...каква програма ќе учествува ова година за да може да реализира наплата на хартија... треба по кој основ да ја задолжиме.Кога се формира една фирма анамалиите се гледаат после една година ...Сега ова да биде како напомена за нареден совет во наредната програма да гледаме што колку треба да направи само, дали е способен или не е. Нема да се договориме ако...Јас и минатиот пат бев тука, да биде една препорака за како треба една програма да ја гледаме, а ова субвенционирање ако е потребно за плата или за таму негде имаше градежна оператива, се градеше канцеларија...

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Јас само сакам реплика...Значи мислам дека треба да се држиме до дневниот ред и да не собираме политички поени . Значи два пати се спомна дека ВМРО ДПМНЕ било против минимална плата. ВМРО никогаш не била против минимална плата и ВМРО ДПМНЕ го донесе во Македонија Законот за минимална плата, затоа не сакам да навлегувам во политички дискусии убаво имаме Совет и дискусии и мислам да си го задржиме достоинството и да не навлегуваме во такви работи.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Сметам дека овој разговор забега во други води,политички води кои што не треба да ги расправаме .Сега расправаме за точка субвенционирање 150 000 денари кои се настанати како непредвидени трошоци. Значи не станува збор за патување, за репрезентации така да сметам дека е не фер и некоректно да зборуваме за висината на платите и мислам дека не е убаво да зборime за решавање на проблеми со бркање од работа или намалување на плати,значи треба да зборime како да го изменаџираме да биде тоа подобро и наместо да бидат тројца , да бидат 5 души вработени таму .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Добро со репликите завршиме, се исцрпи репликата со Нешковски .

Бидејќи заврши претресот ова точка ја ставам на гласање. Кој е за ве молам. 11 за, против 6, воздржани 2-ца.

52.Извештај со арх.бр.0307/2 од 05.11.2021 година од работата на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали има некој збор.Бидејќи никој не бара збор го затворам претресот и истата точка ја ставам на гласање. Кој е за ве молам да крене .Едно гласно усвоено.19 за.

53.Програма за работа на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Кој е за. Точката е усвоена едногласно.

54.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.57/21 поведен пред Основен суд Кавадарци

Дали има некој збор. Бидејќи нема збор точката ја ставам на гласање . Кој е за молам да крене.Едногласно ЗА .

Почитувани советници со тоа го исцрпивме денешниот Дневен ред и Втората седница на Советот на Општина Кавадарци ја прогласувам за затворена.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов